# СОУ „КОЧО РАЦИН“ СВЕТИ НИКОЛЕ

*Средно општинско училиште „Кочо Рацин“ Свети Николе*



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
КОЧО РАЦИН“ ц.о.
бр. 02-606/3
22.08. 20 25
СВЕТИ НИКОЛЕ


Врз основа на член 89-а став 1, алинеја 2 од Законот за средното образование(Службен весник на Република Македонија бр.24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.229/20, 78/25 и 132/25) и член 122 став 1 алинеја 2 од Статутот на СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе, Училишниот одбор на СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе на ден 22.08.2025 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за предлагање на Годишниот извештај за работење на СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе за учебната 2024/2025 година

**Член 1**

**СЕ ПРЕДЛАГА** Годишниот извештај за работење на СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе за учебната 2024/2025 година на Советот на општина Свети Николе на донесување.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 22.08.2025 година се одржа редовна седница на Училишниот одбор на СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе на која членовите на Училишниот одбор го разгледаа и едногласно го предложија Годишниот извештај за работење на СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе за учебната 2024/2025 година на Советот на општина Свети Николе на донесување.

СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе
Претседател на Училиштен Одбор

Надица Кузелова Јованова

# СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
# “КОЧО РАЦИН”
# СВЕТИ НИКОЛЕ

***ПРЕДЛОГ ИЗВЕШТАЈ***

## СОДРЖИНА


1 ВОВЕД ВО ИЗВЕШТАЈОТ ....................................................................................................4
2 ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО ....................................................................................4
3 ВИД НА НАСТАВА...........................................................................................................10
4 ПРОЕКТИ КОИ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО УЧИЛИШТЕТО....................................................14
5 ОЦЕНУВАЊЕ И ПРОЦЕС НА ЕВАЛУАЦИЈА НА ЗНАЕЊЕТО ...........................................15
6 УВИД ВО РАБОТАТА НА НАСТАВНИЦИТЕ ....................................................................19
7 ПРОЦЕС НА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО.....................................................32
8 ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ ......................................................................................32
9 НАТПРЕВАРИ.................................................................................................................32
10 ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ .......................................................................................36
11 МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСПЕХОТ И ПОВЕДЕНИЕТО........................................37
12 УЧЕНИЧКА ЗАЕДНИЦА ................................................................................................38
13 МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ..................................................39
14 ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА НА ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ.................39
15 ЕКО АКТИВНОСТИ – активности на Еко одборот............................................................43
16 ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ...........................................................................................43
17 УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО .......................................................47
18 ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИОТ КАДАР ..................................................49
19 ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВАТА ..................................................................................53
20 ОПШТЕСТВЕНО-ХУМАНИТАРНА РАБОТА.......................................................................54
21 КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО ..............................54
22 ИЗВЕШТАЈ ЗА СОРАБОТКА СО ВОЛОНТЕР ОД МИРОВЕН КОРПУС ...............................56
23 ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ХУМАНИСТИЧКО ПОДРАЧЈЕ...........57
24 ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКОТО ПОДРАЧЈЕ ...............59
25 ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗАКТИВНОСТИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНИОТ АКТИВ...............61
26 ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА АКТИВОТ ОД МАШИНСКАТА СТРУКА .........................67
27 ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА УЧИЛИШЕН СОЦИОЛОГ........................69
28 ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА УЧИЛИШЕН ПСИХОЛОГ..........................74
29 ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА УЧИЛИШЕН ПЕДАГОГ ............................76
30 ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕНИЧКИ ДОМ......................................82
31 ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШЕН ИНКЛУЗИВЕН ТИМ..................................................83
32 ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА БИБЛИОТЕКАР........................................85
33 ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ..........................................................86
34 ИЗВЕШТАЈ РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА ПОМОШНИК ДИРЕКТОР ЗА ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ.....................................................................................................................88
35 ИЗВЕШТАЈ РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА ПОМОШНИК ДИРЕКТОР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ.....................................................................................................................90
35 ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКТОРОТ ..........................................95

# 1 ВОВЕД ВО ИЗВЕШТАЈОТ

## ЗА РАБОТНИТЕ АКТИВНОСТИ ПРЕДВИДЕНИ СО ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА 2024/2025 ГОДИНА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ

Извештајот за работата и постигнатите резултати на СОУ „Кочо Рацин” Свети Николе за учебната 2024/2025 година е изготвен врз основа на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година, документи и акти на Министерството за образование и наука, Развојниот план и Самоевалуацијата на училиштето изготвени од страна на вработените во училиштето.

Целта и задачите на извештајот е да се проследат материјално-техничките услови за работа на училиштето, организацијата и начинот на остварување на воспитно-образовната работа во училиштето, формите на наставна и вонаставна активност, грижата за здравјето на учениците, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето и успехот на учениците, професионалниот развој на наставниците, работата на ученичките организации, стручните органи и органите на управување и раководење.

.

# 2 ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

Училиштето со решение бр. 01-3296 од 12.09.1961 година на Одборот на Собранието на Општина Свети Николе е основано како гимназија. Во наредните 20 години во градот функционираат две средни училишта стручно и гимназиско. Во 1981 година претрпува измени се формира центар во кој влегува гиманзиското образование заедно со училиштето за квалификувани работници во земјоделието. Името на училиштето е изменето во УЦСНО „Јосип Броз Тито“. Сегашното име на училиштето е добиено 1993 година.

Пререгистрацијата во назив Средно општинско училиште „Кочо Рацин“ е извршена во Централниот регистар по решение 1-77-0 Срг 44/06 од 13.03.2006 година

Општи податоци за училиштето:

| | |
|---|---|
| име на училиштето | СОУ „Кочо Рацин“ |
| адреса, општина, место | ул. „Кочо Рацин“ бр.24 Свети Николе |
| Телефон | 032-440-955 |
| Е-маил | kocoracinsvnikole@gmail.com<br>SOUkoco.racin.svnikole@gmail.com<br>kocho_racin@yahoo.com |
| Веб страна | www.kocoracinsvn@edu.mk |
| Основано од | Општина Свети Николе |
| Верификација-број на актот | 09-2445/1-гимназиско образование<br>Земјоделско-ветеринарна струка<br>09-841/3 профил ветеринарен техничар,<br>УП1 13-1961 профил техничар по ветеринарна медицина<br><br>11-2214/5 профил техничар за агроменаџмент,<br>УП1 13-1942 профил техничар за агроменаџмент<br>11-2790/3 пофил техничар за хортикултура<br>11-2790/3 профил техничар за фармерско производство<br>УП1 13-1965 профил техничар за фитомедицина<br>УП1 13-1489 профил техничар за агроменаџмент<br><br>Машинска струка<br>11-2214/6 профил автотехничар мехатроничар,<br>УП1 13-1865 профил машински техничар за моторни возила<br>Хемиско-технолошка струка<br>УП1 13-1044 профил прехрамбен техничар |

| | |
|---|---|
| Година на верификација | 15.05.2004 година гимназиско образование<br>Земјоделско-ветеринарна струка<br>02.11.2020 година профил техничар по ветеринарна медицина<br>02.11.2020 година профил техничар за агроменаџмет<br>02.11.2020 година профил техничар по фитомедицина<br>02.11.2020 година профил агротехничар<br>**Машинска струка**<br>02.11.2020 година профил машински техничар за моторни возила<br>Хемиско-технолошка струка<br>05.05.2021 профил прехрамбен техничар |
| Јазик на кој се изведува Наставата | Македонски јазик |
| Година на изградба | |
| Тип на градба | Цврста |
| Површина на објектот | 2235м2-„гимназиски објект“<br>2865м2-„земјоделски објект“<br>932м2-ученички дом |
| Површина на училишниот | 4493м2-„гимназиски објект“ |

| | |
|---|---|
| двор | 7649м2-„земјоделски објект“ |
| Површина на спортски терени и Игралишта | |
| Училиштето работи во смена | Не |
| Начин на загревање на Училиштето | на парно со нафта |
| Број на паралелки | 26 |
| Број на смени | 1 |

*Просторни услови за работа на училиштето*

Воспитно-образовната работа на училиштето се одвива во две училишни згради. Во училишната зграда со седиште на ул. „Кочо Рацин“ бр. 24 се одржува настава за паралелите од гимназиско образование. Оваа зграда располага со 11 училници, 5
кабинети, 3 помошно простории за кабинети, 1 просторија за библиотека, 1 наставничка канцеларија и 7 канцеларии за административно работење. Училниците и кабинетите се опремени со доволен број на клупи и столчиња според бројот на учениците во паралелките. Зградата е со приземје и два ката.

Во дворот на училиштето има асфалтирани спортски терени за ракомет, кошарка и одбојка. За реализација на наставата по спорт и спортски активности, покрај спортските терени, училиштето ја користи градската спортска сала, која е во непосредна близина на училиштето.

Во училишната зграда со седиште на ул „Маршал Тито“ бр.21 се одржава настава за паралеките од стручното образование: сектор/струка, земјоделство,

рибарство и ветеринарство/земјоделско-ветеринарната, сектор/струка машинство/машинска и сектор/струка хемија и технологија/хемиско-технолошката. Оваа зграда располага со 16 училници, 3 кабинети, 1 сала прилагодена за спортски активности, 1 просторија за библиотека, 1 наставничка канцеларија, 1 канцеларија за помошен директор, 1 канцеларија за стручна служба и 1 помошна просторија за спортски активности.Во подрумскиот дел на оваа зграда се сместени 3 работилници, 1 магацин и 1 просторија која е адаптирана за потребите на проектот аквапонија. Училниците и кабинетите се опремени со доволен број на клупи и столчиња според бројот на учениците во паралелките.

Во дворот на училиштето има спортски терен, игралиште за ракомет, кое е делумно уредено и заградено.

Во оваа зграда е стациониран Ученичкиот дом „Кочо Рацин“ кој работи во состав на училиштето и има просторни услови за сместување 106 ученици. Домот е опремен со комплетна опрема за сместување, престој и исхрана на учениците.

Во дополнителни простории на фарма има 2 училници, 1 магацин, 1 канцеларија и 1 купатило. Овој простор е опремен за образовни потреби поврзани со практичната настава од сектор/струка, земјоделство, рибарство и ветеринарство/земјоделско-ветеринарна.

| Вкупен број на училишни згради | 2 | |
|---|---|---|
| Опис | Гимназиска Зграда | Земјоделско ветеринарна Зграда |
| Број на спортски терени | 1 | 1 |
| Број на катови | Приземје + 2 ката | Приземје + 2 ката |
| Број на училници/кабинети | 16 | 20 |
| Број на помошни простории | 3 | 2 |
| Училишна библиотека | 1 | 1 |
| Начин на загревање на училиштето | Со нафта | Со нафта |

Табела 1 Приказ на стамбената инфраструктура

Материјално технички услови за остварување на воспитно образовната работа

Училиштето располага со поголем дел од потребните наставни средства. Од наставните средства постојат и се користат поголем број на шеми, брошури, збирки на наставно-нагледни средства од повеќе области, реални нагледни средства, аудиовизуелни средства, телевизор, фотокопир, микроскоп, ЛЦД проектори, мини лап-топ компјутери за секој наставник, компјутерска опрема, вмрежена и во функционална состојба во поголем број на училници и кабинети.

За потребите на Земјоделско-ветеринарната струка и за училишната економија училиштето располага со поголем број на машини, алати, приклучни машини, прибори кои во голема мера ги задоволуваат образовните потреби во текот на практичната настава и за извршување на работи во стопанскиот дел. Во училиштето постојат и се користат следниве средства: трактори, мотокултиватор, приколки, цистерни, атомизери, рачни прскалки, ѓубрерастурачи, брана, тракторски плугови, радосејалки, балирачки, сенопревртувачка, тракторска прскалка, вакумска цистерна за течно ѓубриво, молзни апарати, косачки, тримери, систем капка по капка, хидрофори, лактофризер, ваги, бушалици, брусалки.

За практичната настава од машинската струка постојат училишните работилници опремени со поголем број наставни средства, алати и машини според нормативот за потребите на практичната настава.

Училишната библиотека располага со 23.428 примероци од книги, а за учениците се снабдени со бесплатни учебници, освен за дел од гимназиското образование и стручното образование каде не постојат учебници за учениците.

ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО УЧИЛШТЕТО

СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе во чиј состав работи и ученички дом во учебната 2024/2025 година имаше вкупно 71 вработен. За вработените е направен табеларен преглед на раководниот кадар, даватели на јавни услуги (наставниот кадар, стручните соработници и воспитувачи), административниот кадар, помошно-техничките лица по статус, пол, старосна структура и степен на образование.

**Раководен кадар**

| **Р.бр** | ***Работно место*** | ***Број на работни места*** | Полова структура | |
|---|---|---|---|---|
| | | | М | ж |
| **1** | **Директор** | **1** | | 1 |
| **2** | **Помошник директор за настава** | **1** | 1 | |

**Даватели на јавни услуги (наставен кадар и стручни соработници), административен кадар и помошно-технички лица-во училиштето**

| Р.бр | Работно место | *Број на врабо-тени* | полова структура | | на неопределено работно време | | на определено работно време | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | М | ж | со полно работно време | со неполно работно време | со полно работно време | со неполно работно време |
| **1** | **Стручни соработници** | **5** | 1 | 4 | 5 | / | / | / |
| **2** | **Наставен кадар** | **48** | 21 | 27 | 35 | 4 | 3 | 6 |
| **3** | **Административни работници** | **3** | 1 | 2 | 3 | / | / | / |
| **4** | **Помошно-техничка служба** | **13** | 7 | 6 | 13 | / | / | / |

### *1.1.1. Старосна структура на вработени*

| *Години* | *Број на вработени* |
|---|---|
| **20-30** | **2** |
| **31-40** | **14** |
| **41-50** | **18** |
| **51-60** | **33** |
| **Над 61** | **4** |
| ***Вкупно*** | **71** |

## 2. СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ

| *Образование* | *Број на вработени* |
|---|---|
| **Високо образование** | **56** |
| **Средно образование** | **14** |
| **Основно образование** | **1** |

## 3 ВИД НА НАСТАВА

### *БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ПО ГОДИНИ*

Училишната година ја започнавме со 26 паралелки и 341 ученик од кои 12 паралелки со 186 ученика во гимназиско образование, а останатите 14 со 155 ученика во стручно образование.

Наставната година започна на 02.09.2024 година, а заврши на 10 јуни 2025 година, освен за учениците од завршната година од гимназиско и стручно образование за кои редовнта настава заврши на 19.05.2025 година. Во учебната 2024/2025 година наставата ја следеа вкупно 341 ученика и тоа:

| *Година* | *Број на ученици* | *Број на паралелки* |
|---|---|---|
| **I (прва)** | **93** | **6** |
| **II (втора)** | **76** | **6** |
| **III (трета)** | **98** | **7** |
| **IV (четврта)** | **96** | **7** |
| ***Вкупно*** | **363** | **26** |

**Настава по задолжителни предмети**

Основната и најважната задача на училиштето е организација на воспитно-образовната дејност. За начинот и организирањето на наставата и другите активности во нашето средно општинско училиште се користи Законот за средно образование и упатствата на МОН и БРО на Република Македонија. Во реализација на наставата се води сметка за ангажираноста на наставниците по задолжителните и изборните предмети да биде целосна и соодветна.

Во училиштето се организирани следните видови на настава:

- настава по задолжителни предмети
- настава по изборни предмети
- дополнителна настава
- додатна настава
- факултативна настава
- проектни активности
- слободни часови.

**Настава по задолжителни предмети, изборни предмети, дополнителна,додатна факултативна настава, проектни активноси и слободни часови**.

**Задолжителните предмети** се изучуваат според изготвените програми од страна на МОН и БРО.

**Изборните предмети** за секоја струка се избираат од страна на учениците од понудената листа на предмети дадени од МОН и БРО.

**Дополнителната настава** се организира за ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати од учењето, а особено ако: имаат најмалку две слаби оцени, имаат слаби резултати по одреден предмет, отсуствуваат од наставата по одреден наставен предмет и на барање на ученикот или неговиот родител, односно старател.

**Додатна настава** се организира за ученици кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети и талентирани ученици.

**Факултативната настава** во стручното образование се организира во четврта година според потребите на струката.

**Проектни активности** во гимназиското образование се избираат од листата на предмети дадени од МОН и БРО во сите четири години на образованието.

СПУ во стручното образование се избираат од листата на предмети дадени од МОН и БРО во сите четири години на образованието.

**Реализирана настава по утврдени наставни предмети кои се во корелација на програмата за гимназиско образование (природно-математичкото и општествено- хуманистичкото подрачје), програма за стручно образование и соодветен образовен профил.**

Наставните планови за гимназиско образование, како и наставните планови во стручното образование во учебната 2024/2025 година се реализирани во согласност со законските одредби за реализација на воспитно – образовната дејност .

Структура по струки, профили и паралелки по години :

**Гимназиско образование:**

$I^{123}$; $II^{123}$; $III^{123}$; $IV^{123}$

**Земјоделство, рибарство и ветеринарство:**

Профил:

- Техничар по ветеринарна медицина: $I^4$, $II^4$, $III^4$ $IV^4$

- Техничар за агроменаџмент, Агротехничар: : , II$^{5}$, III$^{5}$ , IV$^{5}$

-Агротехничар за традиционално и органско производство I$^{4}$

**Машинска струка:**

Профил:

- Машински техничар за моторни возила: I$^{6}$ , II$^{6}$ , III$^{6}$, IV$^{6}$

**Хемиско-технолошка струка:**

Профил:

Прехранбен техничар: , II$^{6}$ , III$^{7}$, IV$^{7}$

## Задолжителна настава

Задолжителната настава се реализира во една смена. По завршување на истата се реализираа проектните активности, слободните часови на училиштето , дополнителната, додатната настава и слободните активности. Задолжителната практична настава и феријална пракса се реализираше според распоредот на струките.

Сите ученици како прв задолжителен странски јазик го изучуваат англискиот јазик, а како втор јазик во нашето училиште се изучува францускиот јазик или италијански јазик .

• Задолжителни предмети

• Изборни предмети

• Проектни активности

**Задолжителните предмети** се програмско јадро на гимназиското образование и се однесуваат на сите ученици. Со нив се обезбедува општообразовен стандард знаења кој ќе им овозможи на учениците проодност во сите подрачја на гимназискиот систем на образование.

**Изборните предмети** се групирани во три изборни подрачја:

- општествено – хуманистичко : А и Б
- природно- математичко : А и Б
- јазично- уметничко : А и Б

Овие подрачја нудат содржини кои им овозможуваат проодност на учениците на факултетите во Република Северна Македонија. Со содржините кои ги обработуваат тие ја поттикнуваат креативноста на учениците и ги збогатуваат нивните знаења.

**Проектни активности** Индивидуалните интереси на учениците се реализираа преку изборот на проектни активности кои на учениците им нудат можност да ја реализираат својата креативност и потенцијали, надвор од редовната настава.Тие се изведуваат според стандардите пропишани од БРО и соодветен фонд на часови, во сите четири години, по слободен избор на ученикот и во зависност од капацитетите и можностите на училиштето. Учениците избираат по две од понудените проектни активности.

Нереализираните часови од страна се евидентираат во педагошката служба и се приложува објаснување за отсуството. Истото го евидентираат и класните раководители во дневникот за настава.

## 4 ПРОЕКТИ КОИ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО УЧИЛИШТЕТО

| РБ | Вид на проект | Тема | Локација и период | учесници |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Еразмус младинска размена | Active voices Empowering European Youth for Change | Ретенег, Австрија Септември 2024 | 6 ученици и 1 наставник |
| 2 | Еразмус младинска размена | Greenpass Youth for a waste free future | Неа Каликратија, Грција, Септември 2024 | 5 ученици и 1 наставник |
| 3 | Еразмус младинска размена | Smartphones as a tool for youth work | Скопје, Македонија,Октомври 2024 | 5 ученици |
| 4 | Еразмус тренинг | Твоја демократија | Франција, Октомври 2024 | 1 наставник |
| 5 | Еразмус младинска размена | Soul on Canvas | Кипар, Октомври 2024 | 1 наставник и 8 ученици |
| 6 | Еразмус младинска размена | E=MC2 | Кипар, Ноември 2024 | 2 наставници и 6 ученици |
| | Еразмус | Дигитални | Сицилија,Италија, | 1 наставик и 5 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | младинска размена | вештини | Ноември 2024 | ученици |
| 8 | Еразмус тренинг | Дигитално образование во младинската работа | Полска, Ноември 2024 | 1 наставник |
| 9 | Еразмус младинска размена | United for Cultural Equality | Полска, Јануари 2025 | 1 наставник и 7 ученици |
| 10 | Еразмус младинска размена | Artistic resonance for Thriving Youth | Костур, Грција, Мај 2025 | 1 наставник и 14 ученици |
| 11 | Еразмус младинска размена | Be green lets clean | Унгарија, Јуни 2025 | 1 наставник и 7 ученици |
| 12 | Еразмус тренинг | Неформално образование | Балви, Латвија, Јуни 2025 | 3 наставници |

## 5 ОЦЕНУВАЊЕ И ПРОЦЕС НА ЕВАЛУАЦИЈА НА ЗНАЕЊЕТО

Оваа учебна година ја започнавме на 2 септември 2024 год. (понеделник) .Наставата се одвива со физичко присуство со почитување на сите протоколи со подготвени материјално, технички и кадровски ресурси за непречен почеток на работата на училиштето.

Училишната година ја започнавме со 26 паралелки и 341 ученик од кои 12 паралелки со 186 ученика во гимназиско образование, а останатите 14 со 155 ученика во стручно образование.

Наставата при СОУ „Кочо Рацин“ се реализираше во две згради(гимназиска и стручна), а образовно работната практика се реализира во постоечките објекти во училиштето: училишна економија, работилница, минифарма . Во состав на училиштето се наоѓа и училишната економија со фарма која е организациски поставена на начин да ги задоволи основните критериуми за изведување на практичната настава на сите образовни профили кои се застапени во нашето училиште.

Со сите претходно преземени обемни активности на поправка и обновување на ентериерот и мебелот во училниците, создадени се услови во нив непречено да се одвива наставата

- Гимназиско образование - 186 ученика, 12 паралелки,
- природно-математичко А и Б подрачје
- општествено- хуманистичко А и Б подрачје
  - Стручно образование-155 ученици-14 паралелки

Земјоделско-ветеринарна струка

- ветеринарен техничар ; техничар за ветеринарна медицина
- техничар за агроменаџмент
- агротехничар
- техничар за ветеринарна медицина
- Агротехничар за традиционално и органско производство

Машинска струка

- машински техничар за моторни возила

Хемија и технологија

-Прехранбен техничар (реформиран)

Оценувањето во нашето училиште е нумеричко, со скала од 1 до 5. Системот на оценување ја опфаќа категоријата на континуирано тековно следење на напредокот и постигнувањата на учениците, со што се овозможува систематичко и објективно оценување. Ваквиот пристап на следење ја овозможува сумативната оценка, како краен резултат и збир на индивидуалните постигнувања на учениците. Оценувањето во училиштето се врши интерно и екстерно.

**Интерното оценување** се одвива во текот на целата учебна година и е поделено во 4 класификациони периоди.Постигнувањата кај учениците се реализираат бројчано со оценки од (1) до (5) по сите предмети додека во делот на проектните задачи како и слободните активности истите се реализираат описно.Оценката треба да биде одраз на вклученоста на ученикот за време на часот како и надвор од часот. За таа цел начините со кои ќе ги оцениме треба да бидат разновидни и тоа:

- ✓ Усно оценување (базирано на стандардите за оценување и Блумовата таксономија)
- ✓ Писмено оценување (преку објективни тестови)
- ✓ Формативно оценување (за време на самите часови)
- ✓ Сумативно оценување (на полугодие и на крајот на годината)

**Усно оценување**

Определувањето на бројчаната оценка треба да ги има во предвид постигнувањата на ученикот во однос на запомнување и репродуцирање на наставните содржини, разбирање и сфаќање на обработените содржини, односно способност на ученикот нив да ги интерпретира со свои зборови, примена на научените содржини во конкретни задачи со познати и нови елементи, како и повисоките интелектуални способности на анализа, синтеза и вреднување, што подразбираат способност на ученикот за средување, комбинирање елементи во нови целини и способност за вреднување на оправданоста или наученоста на некое тврдење или дело.

**Бројчаната или нумеричка оценка** се утврдува на следниот начин:

- Оценка доволен два (2) - знаењата на ученикот се однесуваат на запомнување и репродуцирање, ученикот треба да препознава од понуденото, да дефинира, да репродуцира факти, да набројува, да именува одредени поими и да го применува знаењето во наједноставни задачи.

- Оценка добар три (3) - знаењата на ученикот се однесуваат на разбирање и сфаќање, ученикот е исполнителен во извршување на активностите за време на часовите, способен е да интерпретира факти, да споредува и набројува, да препознава поими и факти и да го применува знаењето во едноставни задачи.

- Оценка многу добар четири (4) - знаењата на ученикот се однесуваат на примена на задачи од познати и нови елементи, ученикот може да анализира факти и практично да ги применува знаењата, логички да размислува и да има свое мислење, да е постојано активен, исполнителен, редовен во учењето и обврските, да толкува, споредува, да ги разложува и илустрира со конкретни примери стекнатите знаења.

- Оценка одличен пет (5) - знаењата на ученикот се однесуваат на анализа, синтеза и вреднување, ученикот може да ги применува знаењата за решавање на знаења со познати и нови елементи, да е способен за логично размислување и практично применување на факти, да има изградено сопствени ставови, да е способен да систематизира и генерализира, да истражува и ги применува знаењата, да е способен да ја поврзува теоријата со практиката, да користи дополнителни извори, да поставува и одговара на прашања на разни теми.

**Писмено оценување**

По предметите за писмено оценување наставниците прават план според дадените законски одредби.Оценувањето на учениците се врши според

утврдени критериуми и стандарди од Министерство за образование и наука како и Биро за развој на образованието.

После секоја тематска целина се проверува степенот на стекнати знаења преку објективни тестови (прашања од сите 4 скалила според Блумовата таксономија, прашања со заокружување, со дополнување, со поврзување, со објаснување, со решавање и др.). За таа цел бодирањето е на следниот начин: од 30% до 50% успешност на реализираност на тестот следи оцена два (2), од 50% до 70% следи оцена три (3), од 70% до 85% оцена четири (4) и од 85% до 100% оцена пет (5).

**Формативно оценување**

Процес кој се реализира на самите часови преку кој учениците и наставниците го согледуваат степенот на согледување на материјата, проблемите со кои се соочуваат, што треба да изменат и каде треба да се концентрираат повеќе за што поуспешно совладување на споменатото градиво.

**Сумативно оценување**

Следи како резултат на сите горе споменати форми на оценување и се врши на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година.

**Завршно проценување на знаењето на учениците**

Друг вид на оценување на учениците се спроведува преку државна и училишна матура како и преку завршен испит.

### V.3.1. Државна матура

Државната матура е наменета за учениците од гимназиското и од четиригодишното средно стручно образование. Покрај тоа што претставува завршен дел на средното образование има за цел да послужи и за селекција на кандидатите за запишување на високото образование.

Државната матура се полага според посебни испитни програми кои се темелат на целите на наставните програми за соодветните наставни предмети кои се вклучени во листата за државна матура.

Државната матура опфаќа: задолжителен дел, изборен дел и проектна задача.

### V.3.2. Училишна матура

Училишната матура е наменета за учениците од гимназиското образование кои не се определиле за државната матура. Целта на овој испит е добивање сертификат за завршено гимназиско образование.

Училишната матура се полага според посебни испитни програми кои се темелат на целите на наставните програми за соодветните наставни предмети кои се вклучени во листата за училишна матура.

### V.3.3. Завршен испит

-Завршниот испит е наменет за учениците од четиригодишното средно стручно образование кои нема да полагаат државна матура. Целта на овој испит е добивање на сертификат за завршено четиригодишно средно стручно образование.

Завршниот испит се полага според посебни испитни програми кои се темелат на целите на наставните програми за соодветните наставни предмети.

Завршниот испит опфаќа: задолжителен дел, изборен дел и проектна задача.

## 6 УВИД ВО РАБОТАТА НА НАСТАВНИЦИТЕ

(СЛЕДЕЊЕ, АНАЛИЗИРАЊЕ, УКАЖУВАЊЕ И ПОДДРШКА)

Следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно образовната работа во училиштето се оствaруваше со цел да се постигне квалитет во работењето и да се придонесе за унапредувањето на воспитно образовниот процес во училиштето.

### Интерен увид

Следењето на организацијата, реализацијата и ефикасноста на наставните и воннаставните активности, следењето на сите видови подготовка на наставата и воннаставните активности беа задачи на директорот на училиштето во соработка со стручните работници,помошниците директори за гимназиско и стручно образование ,одговорниот советник од Бирото за развој на образованието и притоа направија целосен увид во работата на училиштето и реализацијата на проектите.

Следењето и вреднувањето на постигањата на учениците во наставата го вршеа предметните наставници преку писмени работи, тестови, контролни работи, усно испитување, практична работа и т.н.Врз основа на следењето на резултатите од наставата и воннаставните активности од страна на директорот, и стручните работници на училиштето се изготвија полугодишни и годишни извештаи, анализи и информации по изминатите тримесечија за потребите на стручните органи и тела на училиштето и другите институции надвор од него.

Раководниот тим заедно со преставник од стручната служба реализираше и посета на наставен час кај сите професори, од гимназиско и стручно образование.

Во училиштето се даваат прашалници за утврдување на професионалните интереси на учениците и се применуваат тестови за општи и специфични способности кои помагаат во професионалното ориентирање на учениците.

***Успехот кај учениците***



Со континуирана евиденција на постигнувањата на нашите ученици добиваме целосна слика за нивната работа во текот на годините. Евиденцијата ја водат предметните наставници како и класните раководители а стручната служба располага со податоци за постигнувањата на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди.

**Успехот кај учениците во гимназиско образование за сите паралелки е 4,38 а по години е следен:**

| | Среден успех по година | Највисок успех / предмети и просек | | Најнизок успех / предмети и просек | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Прва година** | 4,50 | Ликовна уметност | 4.98 | Хемија | 3.50 |
| | | Спорт и спортски активности | 4.86 | Географија | 3.50 |
| | | Музичка уметност | 5,00 | Биологија | 3.64 |
| | | Француски јазик | 4.48 | | |
| **Втора година** | ***4.36*** | Музичка уметност | 5,00 | Математика | 3,20 |
| | | Спорт и спортски активности | 4,96 | Италијански јазик | 3,62 |
| | | Ликовна уметност | 5,00 | | |
| | | Информатичка технол.- изборен | 5,00 | Англиски јазик | 3,52 |
| | ***4,16*** | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Трета година** | | Програмски јазици-изборен | 5,00 | Математика | 3,09 |
| | | Спорт и спортски активности | 4,91 | Француски јазик | 3.48 |
| | | Географија-изборен | 4,82 | Англиски јазик | 3,49 |
| **Четврта година** | ***4,52*** | Биологија-изборен | 5,00 | Англиски јазик | 4,13 |
| | | Спорт и спортски активности | 5,00 | Филозофија | 4,33 |
| | | Програмски јазици-изборен | 5,00 | Математика | 4,00 |
| | | Математичка анализа | 5,00 | Филозофија-изборен | 4,33 |
| | | Хемија-изборен | 5,00 | Бизнис и претприемништво | 4,23 |
| | | Физика-изборен | 5,00 | Психологија-изборен | 4,33 |
| | | Економија-изборен | 5,00 | | |

## Поведението и изостаноците кај учениците во гимназиско образование

| Преглед на изостаноци и поведение во учебната 2024-2025 год. во гимназиско образование | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Гимназиско образование | | бр. по пол | | Оправдани | | Просек | | Неоправдани | | Просек | | Вкупно | | Просек | | Примерно | | Добро | | Незадоволително | | Вкупно |
| | | м | Ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | |
| | **I-1** | *4* | *9* | 124 | 340 | 31 | 37,8 | 30 | 67 | 7,5 | 7,44 | 154 | 407 | 38,5 | 45,2 | 4 | 9 | | | | | 13 |
| | **I-2** | 7 | 5 | 337 | 205 | 48,1 | 41 | 62 | 35 | 0 | 7 | 399 | 240 | 57 | 48 | 7 | 5 | | | | | 12 |
| | **I-3** | 12 | 5 | 466 | 235 | 38,8 | 47 | 70 | 19 | 5,83 | 3,8 | 536 | 254 | 44,7 | 50,8 | 7 | 5 | 5 | | | | 17 |
| | **Вкупно** | 21 | 19 | 216 | 96 | 10,3 | 5,05 | 12 | 4 | 0,57 | 0,21 | 228 | 100 | 10,9 | 5,26 | 21 | 19 | | | 0 | 0 | 40 |
| | **II-1** | 6 | 11 | 362 | 84 | 60,3 | 7,64 | 13 | 26 | 2,17 | 2,36 | 375 | 110 | 62,5 | 10 | 6 | 11 | | | | | 17 |
| | **II-2** | 5 | 12 | 352 | 457 | 70,4 | 38,1 | 2 | 9 | 0,4 | 0,75 | 354 | 466 | 70,8 | 38,8 | 5 | 12 | | | | | 17 |
| | **II-3** | 7 | 10 | 387 | 340 | 55,3 | 34 | 80 | 50 | 11,4 | 5 | 467 | 390 | 66,7 | 39 | 5 | 10 | 1 | | 1 | | 17 |
| | **Вкупно** | 18 | 33 | 279 | 176 | 15,5 | 5,33 | 17 | 9 | 0,94 | 0,27 | 296 | 185 | 16,4 | 5,61 | 18 | 33 | | | 1 | 0 | 51 |
| | **III –1** | 6 | 10 | 317 | 404 | 52,8 | 40,4 | 32 | 19 | 5,33 | 1,9 | 349 | 423 | 58,2 | 42,3 | 4 | 10 | 1 | | | | 16 |
| | **III –2** | 7 | 5 | 371 | 37 | 53 | 7,4 | 18 | 0 | 2,57 | 0 | 389 | 37 | 55,6 | 7,4 | 7 | 5 | | | | | 12 |
| | **III –3** | 6 | 11 | 191 | 609 | 31,8 | 55,4 | 25 | 65 | 4,17 | 5,91 | 216 | 674 | 36 | 61,3 | 6 | 11 | | | | | 17 |
| | **Вкупно** | 19 | 21 | 181 | 184 | 138 | 103 | 26 | 4 | 12,1 | 7,81 | 207 | 188 | 150 | 111 | 40 | 21 | | | 0 | 0 | 61 |
| | **IV–1** | 8 | 10 | 332 | 339 | 41,5 | 33,9 | 87 | 58 | 10,9 | 5,8 | 419 | 397 | 52,4 | 39,7 | 5 | 8 | 3 | 1 | | 1 | 18 |
| | **IV–2** | 8 | 8 | 80 | 225 | 10 | 28,1 | 24 | 50 | 3 | 6,25 | 104 | 275 | 13 | 34,4 | 8 | 7 | | | | 1 | 16 |
| | **IV–3** | 6 | 10 | 118 | 248 | 19,7 | 24,8 | 4 | 11 | 0,67 | 1,1 | 122 | 259 | 20,3 | 25,9 | 6 | 10 | | | | | 16 |
| | **Вкупно** | 22 | 28 | 135 | 202 | 6,14 | 7,21 | 58 | 31 | 2,64 | 1,11 | 193 | 233 | 8,77 | 8,32 | 20 | 27 | | | | | 47 |
| | **вкупно за сите 4 години** | 80 | 101 | 811 | 658 | 10,1 | 6,51 | 113 | 48 | 1,41 | 0,48 | 924 | 706 | 11,6 | 6,99 | 99 | 100 | 0 | 0 | 1 | 0 | 199 |

| | Примерно | Добро | Незадоволително |
|---|---|---|---|
| I година | 37 | 5 | / |
| II година | 49 | 1 | 1 |
| III година | 60 | 1 | / |
| IV година | 41 | 4 | 2 |
| Вк. | 187 | / | / |

Во **стручното образование** средниот успех за сите паралелки по струки е следна**.**

Среден успех од прва до четврта година земјоделско –ветеринарна струка просекот изнесува 3,99

| *Земјоделско –ветеринарна струка Техничар по ветеринарна медицина* | Среден успех по година | Највисок успех / предмети и просек | | Најмал успех / предмети и просек | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Прва година** | ***3,84*** | Музичка култура | *4,45* | Земјоделст.рибарство и ветеринарство | 2,64 |
| | | Хемија | *3,91* | Агрометорологија со климатологија | 2,73 |
| | | Ликовна уметност | *4,18* | Биологија | 2,73 |
| | | Спорт и спортски активности | *4,00* | Математика | 3,36 |
| **Втора година** | ***4,63*** | Биологија | 3,92 | Македонски јазик и литература | *2,69* |
| | | Спорт и спортски активности | 3,46 | Анатомија со физиологија на домашни животни | *2,77* |
| | | Содржини програмирани од училиштето | 3,15 | Анимална хигиена и благосостојба на животните | *2,14* |
| **Трета година** | ***4,26*** | Патологија | 3,76 | Паразитски болести | 2,35 |
| | | Учење преку работа кај работодавач | 4,94 | Фармакологија со токсилогија | 2,47 |
| | | Ученичка компанија-претприемачка практика за млади | 4,82 | Англиски јазик | 2,64 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **Четврта година** | ***3,74*** | Спорт и спортски активности | 5,00 | Учење преку работа кај работодавач | 4,00 |
| | | Хирургија | 4,33 | Математика | |
| | | Клиничка дијагностика со внатрешни болести | 4,33 | | |
| | | Хигиена и технологија на анимални производи | 4,33 | Заразни болести | 4,00 |

Среден успех од прва до четврта година машинска струка просекот изнесува 3,36

| ***Машинска струка Машински техничар за моторни возила*** | Среден успех по година | Највисок успех / предмети и просек | | Најмал успех / предмети и просек | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Прва година** | ***2,85*** | Музичка култура | *3,94* | Историја | 2,53 |
| | | Машинство и други сектори | *3,41* | Физика | 2,41 |
| | | Технологија на обработка | *4,00* | Граѓанско образование | 2,76 |
| **Втора година** | ***3,24*** | Англиски јазик | 3,00 | Историја | *2,00* |
| | | Техничко цртање со КАД | 3.33 | Машински елементи со механика | *2,00* |
| | | Физика | 3,33 | Македонски јазик и литература | *1,67* |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Трета година** | ***3,58*** | Учење преку работа кај работодавач | 3,67 | Електроника | 2,75 |
| | | Организациско однесување | 4,00 | Математика | 2,67 |
| | | Спорт и спортски активности | 4,00 | Англиски јазик | 2,42 |
| **Четврта година** | ***3,32*** | Моторни возила | 3,38 | Англиски јазик | 2,25 |
| | | Физика | 3,50 | Македонски јазик и литература | 2,38 |
| | | Учење преку работа кај работодавач | 4,13 | Содржини програмирани од училиштето | 2,00 |
| ***Агроменаџмент*** **Агротехничар** | Среден успех по година | Највисок успех / предмети и просек | | Најмал успех / предмети и просек | |
| **Прва година** | ***3,27*** | Ликовна уметност | 4,00 | Земјоделст.рибарство и ветеринарство | 2,67 |
| | | Музичка култура | *3,45* | Хемија | 2,65 |
| | | Содржини програмирани од училиштето | *4.00* | Математика | 2,61 |
| **Втора година** | ***3,82*** | Управување со квалитет ТА | 3,60 | Заштита на растенија А | ***2,00*** |
| | | Основи на економија ТА | 3,20 | Агрохемија | *2,22* |
| | | Содржини програмирани од училиштето | 3,33 | Педологија | *2,22* |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Трета година** | ***3,96*** | Сметководство на фарма | 3,75 | Технологии на растително производство | 2,75 |
| | | Агротуризам | 3,50 | Англиски јазик | 2,75 |
| | | Агроменаџмент | 4,00 | Македонски јазик и литература | 2,75 |
| **Четврта година** | ***2,85*** | Македонски јазик и литература | 4,50 | Англиски јазик | 3,40 |
| | | Учење преку работа кај работодавач | 4,83 | Технологии во сточарско производство | 2,83 |
| | | Содржини програмирани од училиштето | 5,00 | Агромаркетинг | 3,50 |

Среден успех од прва до четврта година ***Агроменаџмент*** **/Агротехничар** просекот изнесува 3,58

Среден успех од ***Хемиско/прехранбена*** просекот изнесува 3,72

| **Хемиско прехрамбена** | Среден успех по година | Највисок успех / предмети и просек | | Најмал успех / предмети и просек | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Втора година** | ***3,32*** | Музичка култура | 3,00 | Физика | 1,45 |
| | | Спорт и спортски активности | 2,60 | Математика | 1,60 |
| | | Ликовна култура | 2,82 | Македонски јазик и литература | 1,91 |

| Трета година | ***3.06*** | Микробиологија на храна со санитација | 4,61 | Спорт и спортски активности | 3,05 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Биологија | 4,22 | Македонски јазик и литература | 2,72 |
| | | Историја | 4,16 | Англиски јазик | 3,33 |

| Четврта година | ***4,09*** | Спорт и спортски активности | 4,59 | Англиски јазик | 2,52 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Презнтациски вештини | 4,29 | Математика | 2,72 |
| | | Активно барање работа | 4,23 | Македонски јазик и литература | 3,17 |

## Поведението  и изостаноци кај учениците во стручното образование

Преглед на изостаноци и поведение  во  учебната 2024-2025 год. во Земјоделско ветеринарна струка

| | | бр. по пол | | Оправдани | | Просек | | Неоправдани | | Просек | | Вкупно | | Просек | | Примерно | | Добро | | Незадоволително | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | М | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | |
| Земјоделско ветеринарна струка | I-4 | 9 | 4 | 315 | 78 | 35 | 19,5 | 27 | 21 | 3 | 5,25 | 342 | 99 | 38 | 24,8 | 9 | 3 | | 1 | | | 13 |
| | I-5 | 6 | 12 | 642 | 1508 | 107 | 126 | 42 | 125 | 7 | 10,4 | 684 | 1633 | 114 | 136 | 5 | 6 | 1 | 5 | | 1 | 18 |
| | | | | | | #### | #### | | | #### | #### | 0 | 0 | #### | #### | | | | | | | 0 |
| | | | | | | #### | #### | | | #### | #### | 0 | 0 | #### | #### | | | | | | | 0 |
| | **Вкупно** | 15 | 16 | 957 | 1586 | 63,8 | 99,1 | 69 | 146 | 4,6 | 9,13 | 1026 | 1732 | 68,4 | 108 | 14 | 9 | 1 | 6 | 0 | 1 | 31 |
| | II-4 | 4 | 2 | 119 | 131 | 29,8 | 65,5 | 14 | 11 | 3,5 | 5,5 | 133 | 142 | 33,3 | 71 | 4 | 2 | | | | | 6 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| II-5 | 3 | 3 | 266 | 141 | 88,7 | 47 | 33 | 9 | 11 | 3 | 299 | 150 | 99,7 | 50 | 1 | 3 | 2 | | | | 6 |
| | | | | | #### | #### | | | #### | #### | 0 | 0 | #### | #### | | | | | | | 0 |
| **Вкупно** | 7 | 5 | 385 | 272 | 55 | 54,4 | 47 | 20 | 6,71 | 4 | 432 | 292 | 61,7 | 58,4 | 5 | 5 | 2 | 0 | 0 | 0 | 12 |
| III –4 | 4 | 2 | 53 | 76 | 13,3 | 38 | 0 | 0 | 0 | 0 | 53 | 76 | 13,3 | 38 | 4 | 2 | | | | | 6 |
| III –5 | 10 | 5 | 570 | 177 | 57 | 35,4 | 54 | 24 | 5,4 | 4,8 | 624 | 201 | 62,4 | 40,2 | 8 | 5 | 2 | 1 | | | 16 |
| III –7 | 3 | 4 | 93 | 440 | 31 | 110 | 20 | 72 | 6,67 | 18 | 113 | 512 | 37,7 | 128 | 3 | 1 | | | | 3 | 7 |
| **Вкупно** | 17 | 11 | 716 | 693 | 42,1 | 63 | 74 | 96 | 4,35 | 8,73 | 790 | 789 | 46,5 | 71,7 | 15 | 8 | 2 | 1 | 0 | 3 | 29 |
| IV–4 | 8 | 3 | 349 | 68 | 43,6 | 22,7 | 101 | 12 | 12,6 | 4 | 450 | 80 | 56,3 | 26,7 | 5 | 3 | 3 | | | | 11 |
| IV–5 | 5 | 2 | 269 | 50 | 53,8 | 25 | 83 | | 16,6 | 0 | 352 | 50 | 70,4 | 25 | 1 | 2 | 3 | | 1 | | 7 |
| IV–7 | 5 | 12 | 328 | 391 | 65,6 | 32,6 | 74 | 119 | 14,8 | 9,92 | 402 | 510 | 80,4 | 42,5 | 3 | 8 | | 4 | 2 | | 17 |
| **Вкупно** | 18 | 17 | 946 | 509 | 52,6 | 29,9 | 258 | 131 | 14,3 | 7,71 | 1204 | 640 | 66,9 | 37,6 | 9 | 13 | 6 | 4 | 3 | 0 | 35 |
| **вкупно за сите 4 години** | 57 | 49 | 3004 | 3060 | 52,7 | 62,4 | 448 | 393 | 7,86 | 8,02 | 3452 | 3453 | 60,6 | 70,5 | 43 | 35 | 11 | 11 | 3 | 4 | 107 |

Преглед на изостаноци и поведение во учебната 2024-2025 год. во Машинска струка

| | | бр. по пол | | Оправдани | | Просек | | Неоправдани | | Просек | | Вкупно | | Просек | | Примерно | | Добро | | Незадоволително | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | Ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | |
| Машинска струка | I-6 | 10 | | 719 | | 71,9 | #### | 173 | | 17,3 | #### | 892 | 0 | 89,2 | #### | 1 | | 6 | | 3 | | 10 |
| | II-6 | 8 | | 604 | | 75,5 | | 129 | | 16,1 | #### | 733 | 0 | 91,6 | #### | 2 | | 4 | | 2 | | 8 |
| | III –6 | 16 | | 586 | | 36,6 | #### | 33 | | 2,06 | #### | 619 | 0 | 38,7 | #### | 11 | | 3 | | 2 | | 16 |
| | IV–6 | 6 | | 203 | | 33,8 | #### | 56 | | 9,33 | #### | 259 | 0 | 43,2 | #### | 5 | | 1 | | | | 6 |
| | **Вкупно** | 40 | 0 | 2112 | 0 | 52,8 | #### | 391 | 0 | 9,78 | #### | 2503 | 0 | 62,6 | #### | 19 | 0 | 14 | 0 | 7 | 0 | 40 |

Преглед на изостаноци и поведение во учебната 2024-2025 год. во Прехранбена струка

| | | бр. по пол | | Оправдани | | Просек | | Неоправдани | | Просек | | Вкупно | | Просек | | Примерно | | Добро | | Незадоволително | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | Ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | |
| Прехранбена | | | | | | #### | #### | | | #### | #### | 0 | 0 | #### | #### | | | | | | | 0 |
| | II-6 | 2 | 3 | 64 | 265 | 32 | 88,3 | 33 | 44 | 16,5 | 0,17 | 97 | 309 | 48,5 | 103 | 1 | 1 | | 1 | 1 | 1 | 5 |
| | III-7 | 3 | 4 | 93 | 440 | 31 | 110 | 20 | 72 | 6,67 | 18 | 113 | 512 | 37,7 | 128 | 3 | 1 | | | | 3 | 7 |
| | IV-7 | 5 | 12 | 328 | 391 | 65,6 | 32,6 | 74 | 119 | 14,8 | 9,92 | 402 | 510 | 80,4 | 42,5 | 3 | 8 | | 4 | 2 | | 17 |
| | Вкупно | 10 | 19 | 485 | 1096 | 48,5 | 57,7 | 74 | 119 | 7,4 | 6,26 | 559 | 1215 | 55,9 | 63,9 | 7 | 10 | 0 | 5 | 3 | 4 | 29 |

## Земјоделско-ветеринарна струка

| | Примерно | Добро | Незадоволително |
|---|---|---|---|
| I година | 23 | 7 | 1 |
| II година | 10 | 2 | / |
| III година | 10 | 1 | 3 |
| IV година | 12 | 10 | 3 |
| Вк. | 55 | 20 | 7 |

## Машинска струка

| | Примерно | Добро | Незадоволително |
|---|---|---|---|
| I година | 11 | 6 | 3 |
| II година | 2 | 4 | 2 |
| III година | 11 | 3 | 2 |
| IV година | 5 | 1 | / |
| Вк. | 29 | 14 | 7 |

Хемиско-технолошка струка

| | **Примерно** | **Добро** | **Незадоволително** |
|---|---|---|---|
| I година | / | / | / |
| II година | 2 | 1 | 2 |
| III година | 4 | / | 3 |
| IV година | 11 | 4 | 3 |
| Вк. | 17 | 5 | 8 |

## 7 ПРОЦЕС НА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Во претходно изготвената програма за работата на нашето училиште во изминатата 2024/2025 година беше наведена активноста – самоевалуација, во која интерно и самокритичи ги проенцираме своите силни и слаби страни. Во приложената годишна програма од мината година, беше наведено формирање на нов тим кој ќе ја реалзира активност самоевалуација, која сама по себе опфаќа временска рамка со подолг временски рок на набљудување. Токму поради наведената комплексност од самиот тој процес на самоевалуација, произлегува и потребата од дополнителна и индивидуална изработка на т.н. Извештај за реализирана самоевалуација за 2024/2025 година. Процесот на нова замоевалуација започнува во септември 2025.

## 8 ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Како и секоја година, така и оваа година, учениците од нашето училиште имаа можност да бидат вклучени во планирање и реализација на воннаставни активности од најразлични категории. Воннаставните активности се реализираат со цел за поттикнување и развивање на креативниот дух и оригиналноста кај секој ученик, како и насочување кон неговите приоритети и интереси. Сето ова резултира кон насочување на учениците кон понатамошниот пат за учење и развивање на себе си и своите лични способности, ориентации и приоритети.
Во текот на учебната 2024/2025 година се организираа и изведуваа повеќе спортски, културни, литературни, музички и ликовни активности со најразлична тематика во кои учениците земаа активно учество како во нивната подготовка , така и во нивната реализација. На тој начин учениците размислуваат, креираат, се развиваат и го дополнуваaат својот потенцијал , истакнувајќи ја сопствената личност на најдобар начин.
Со се поголемата вклученост на учениците во воннаставните активности, се создава подобра училишна клима, се развива натпреварувачкиот дух и пријателска сплотеност меѓу учениците.
Всушност, слободните ученички активности и најмногу ги изразуваат интересите, афинитетите и творечките способности на учениците и уште повеќе помагаат во нивното развивање.
Во рамките на воннаставните активности училиштето се почесто ги користи придобивките од ERASMUS+ програмата веќе неколку години наназад. Имено, се повеке и повеќе ученици, како и наставници од училиштето се вклучуваат во ERASMUS+ програмата и земаат активно учество во реализирање на нејзини проекти на најразлични актуелни теми, како во европските земји , така и во нашата земја.

## 9 НАТПРЕВАРИ

Целта на натпреварите е:

– да ги поттикнат учениците за проширување на нивните знаења;

– да развиваат вештини и способности за примена на знаењата ;

– да побудат кај учениците поголем интерес за образовниот процес;

– да послужат како средство за откривање на талентираните ученици за натпревари од повисок ранг, како и за други манифестации кои се од интерес за развивање на нивните способности од повеќе научни области во нашата средина;

– да го развиваат натпреварувачкиот дух кај учениците;

– да придонесуваат за продлабочување на соработката меѓу менторите и

– да придонесат за меѓусебно запознавање и зближување на учениците од различни средини во Република Северна Македонија.

Еден циклус, кој покрива една учебна година, опфаќа три нивоа на натпреварување: општински, регионален и државен натпревар  Во прилог следи табеларен приказ на учениците кои учествуваа на натпревари во изминатата 2024/2025 година:

## 9.1. *ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАРИ*

| Натпревар/Конкурс | Освоена награда | Учесник | Ментор |
|---|---|---|---|
| **Биологија** | **1 година**<br>1. Теа Дмкова – 1 награда<br>2. Давид Младенов<br>Искра Јованчева<br>Дејвид Блажев<br>Сара Арсевска – 2 награда<br>**2 година**<br>1.Душица Стојчевска – 1 награда<br>2. Иван Конев – 2 награда | На натпреварот учествуваа ученици од 1 и 2 година | Јованчева Јасмина |
| **Хемија** | **1 година**<br>1. Искра Јованчева – 2 место<br>2. Зафир Санев - 1 место<br>3. Сара Арсевска – 3 место<br><br>**3 година**<br>1. Елена Андроникова – 1 место<br>2. Ана Наковска - 3 место | Ученици од 1 и 3 година | Ангел Андроников |
| **Географија** | **1 година**<br>1. Давид Младенов– 1 место<br>2. Сара Арсевска – 2 место<br><br>**2 година**<br>1. Душица Стојчевска – 2 место<br>2. Иван Конев – 1 место<br>3. Теофил Јанев – 3 место | Ученици од 1 и 2 година | Оливера Лазева-Митева |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Спорт и спортски активности** | **ФУТСАЛ**<br>Меѓуопштински - 1 место<br>Зонско – учество<br>**КОШАРКА**<br>Меѓуопштински – 1 место<br>Зонско – учество<br>**РАКОМЕТ**<br>Меѓуопштински – 1 место<br>Зонско – учество<br>**БАСКЕТ**<br>3x3 Меѓуопштински – 1 место<br>Зонско – 1 место<br>Регионален - учество | Ученици од 1 до 4 година | Ивица Митрушов и Бојанка Ефремовска |
| **Англиски јазик** | **1 година**<br>1. Искра Јованчева – 3 награда<br>2. Дарко Јовановски – 3 награда<br><br>**2 година**<br>1. Теофил Јанев – 3 награда<br><br>**3 година**<br>1. Панче Коцев – 3 награда | Ученици од 1, 2 и 3 година | Надица Кузелова Јованова, Ивана Величковска и Ацо Атанасов |
| **Италијански јазик** | **1 година**<br>1. Сара Арсевска – 1 место<br>2. Дејвид Блажев – 2 место<br><br>**2 година**<br>1. Иван Конев - 1 место<br>2. Душица Стојчевска – 2 место<br><br>**3 година**<br>1. Вероника Арсовска – 1 место | Ученици од 1, 2 и 3 година | Сања Донева |

## 9.2. РЕГИОНАЛНИ НАТПРЕВАРИ

| Натпревар/Конкурс | Освоена награда | Учесник | Ментор |
|---|---|---|---|
| **Биологија** | **1 година**<br>1. Искра Јованчева – 1 награда<br>2. Дејвид Блажев – 1 награда<br>3. Теа Димкова – 1 награда<br>4. Давид Младенов 2 награда<br>5. Сара Арсевска – 2 награда<br><br>**2 година**<br>1. Иван Конев – 1 награда<br>2. Душица Стојчевска – 2 награда | На натпреварот учествуваа ученици од 1 и 3 година | Јованчева Јасмина |
| **Хемија** | **1 година**<br>1. Зафир Санев - 1 место<br>2. Искра Јованчева – сертификат<br><br>**3 година**<br>1. Елена Андроникова – сертификат | Ученици од 1 и 3 година | Ангел Андроников |
| **Географија** | **1 година**<br>1. Давид Младенов– 1 место<br>2.Сара Арсевска – 2 место | Ученици од 1и 2 година | Оливера Лазева-Митева |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **2 година**<br>1. Душица Стојчевска – 2 место<br>2. Иван Конев – 1 место<br>1. Теофил Јанев – 3 место | | |
| **Англиски јазик** | **1 година**<br>1. Искра Јованчева – 2 награда<br>2. Дарко Јовановски – 3 награда<br><br>**2 година**<br>1. Теофил Јанев – 2 награда<br><br>**3 година**<br>1. Панче Коцев – 3 награда | Ученици од 1 до 3 година | Надица Кузелова Јованова, Ивана Величковска и Ацо Атанасов |
| **Италијански Јазик** | **1 година**<br>1. Сара Арсевска – 1 место<br>2. Дејвид Блажев – 2 место<br><br>**2 година**<br>1. Иван Конев - 2 место<br>2. Душица Стојчевска – 1 место<br><br>**3 година**<br>1. Вероника Арсовска – 1 место | Ученици од 1, 2 и 3 година | Сања Донева |

## *9.3. ДРЖАВНИ НАТПРЕВАРИ*

| **Натпревар/Конкурс** | **Освоена награда** | **Учество** | **Ментор** |
|---|---|---|---|
| **Биологија** | **1 година**<br>1. Искра Јованчева – 2 награда<br>2. Давид Младенов – 2 награда<br>3. Сара Аревска – 2 награда<br>4. Дејвид Блажев – учество<br>**2 година**<br>1. Иван Конев – 3 награда<br>2. Душица Стојчевска – пофалница | На натпреварот учествуваа ученици од 1 и 3 година | Јованчева Јасмина и Ристе Панев |
| **Хемија** | **1 година**<br>1. Зафир Санев – сертификат<br><br>**3 година**<br>1. Елена Андроникова - сертификат | Ученици од 1 и 3 година | Ангел Андроников |
| **Географија** | **1 година**<br>1. Давид Младенов– учество<br>2.Сара Арсевска – учество<br>**2 година**<br>1. Душица Стојчевска – учество<br>2. Иван Конев – учество<br>Теофил Јанев – учество | Ученици од 1 и 2 година | Оливера Лазева-Митева |
| **Спорт и спортски активност** | 1. Лука Стојчев – 1 место на државен натпревар во пинг-понг | Ученик од 3 година | Митрушов Ивица |
| **Државен натпревар на земјоделско-ветеринарни училишта** | 1. Јованче Трајков- 2 место во категорија размножување на растенијате | Ученик од 1 година | Благица Петрова |
| **Англиски јазик** | **1 година**<br>1. Искра Јованчева – 3 награда<br><br>**2 година**<br>1. Теофил Јанев – 2 место | Ученици од 1 и 2 година | Надица Кузелова Јованова, и Ацо Атанасов |
| **Италијански јазик** | **1 година**<br>1. Сара Арсевска – 3 место | Ученици од 1 и 2 година | Сања Донева |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2. Дејвид Блажев – учество<br><br>**2 година**<br>1. Иван Конев - учество<br>2. Душица Стојчевска – учество | | |

## 10 ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор и истите ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорите, струјните места, дворот и итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Сите опасни места кои не можат да се избегнат, се посебно означени или оградени. Дел од наставниците се сертифицирани за давање прва помош при несреќни случаи во училиштето. Исто така, има и интерен правилник за заштита од пожари, експлозии, опасни материи и други елементарни непогоди како и за спасување на луѓето и имотот.

Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се наведуваат механизми за справување со евентуална појава на насилство. Изготвен е Акционен план за превенција од насилство, протокол на постапките при насилство како и кодекси на однесување на вработените и учениците и куќен ред на училиштето и истите се достапни за сите . Вработените ја знаат својата улога и одговорноста во процесот на заштита на децата и водат грижа за нивните права и достоинство. За таа цел соработуваат меѓусебно, со родителите, стручните соработници а по потреба и со релевантни институции .

Ретките конфликти кај учениците кои се јавуваат во училиштето се надминуваат преку разговорите со класните раководители, родителите, стручните соработници, предметните наставници и други институции.

Училиштето има политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и конзумирање наркотични супстанци. Учениците самостојно имаат изработено знаци за забрана од пушење, користење на алкохол и наркотични средства.

Во училиштето има обезбедено пристап за деца со телесни пречки во развојот.

Училиштето има изготвен план за следење на систематските и стоматолошките прегледи и редовното вакцинирање на учениците. На учениците кои поради заболување или посериозни повреди, подолго време отсуствуваат од настава, им даваме соодветна можност за проверување на знаењата и при тоа соработуваме со нивните родители, здравствените установи.

Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование. За таа цел организира сопствени активности, користење на кариерното катче, користење промотивни материјали од образовните институции (флаери, трибини, презентации од државните и приватни факултети, посета на отворени денови на факултетите и установите за високо опбразование и др.) за професионална информација и ориентација на учениците .

Планот опфаќа широк спектар на добро структурирани пристапи: на пр. самооценување на вештините и интересите на учениците, помош во изработка на кратка биографија-ЦВ, редовно информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето преку пишани и усни соопштенија од страна на одделенскиот  раководител и стручните соработници. Во училиштето се даваат прашалници за утврдување на професионалните интереси на учениците и се применуваат тестови за општи и специфични способности кои помагаат во професионалното ориентирање на учениците.

***Успехот кај учениците***

Со континуирана евиденција на постигнувањата на нашите ученици добиваме целосна слика за нивната работа во текот на годините. Евиденцијата ја водат предметните наставници како и класните раководители а стручната служба располага со податоци за постигнувањата на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди.

## 11 МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСПЕХОТ И ПОВЕДЕНИЕТО

Слабите постигања на учениците се причина за загриженост во голем број училишта. Тоа прашање е поврзано не само со ефективноста на наставата и учењето, туку и со овозможувањето на рамноправен систем на образование. Згора на ова, да се биде целосно интегриран во едно општество и да се биде во состојба да се одговори на променливите барања на конкурентската глобална економија претставува голем предизвик за голем број ученици кои сè уште не ги стекнале базичните вештини во читање, математика и природни науки.

Од аспект на наставниците, првичните регулативи наведуваат дека треба да се вклучат механизми за поддршка веднаш штом ќе се воочат тешкотии во учењето. Механизмите се однесуваат на организацијата на наставата и на курикулумот, и се состојат од индивидуална работа за време на редовните часови, флексибилно групирање или адаптирање на курикулумот. Во настава, регулативите потенцираат дека треба да се обрне внимание на различноста и да се одговори на посебните образовни потреби на учениците. Пропишаните мерки вклучуваат понуда на факултативни предмети, дополнителна помош и поддршка, адаптирање на курикулумот,флексибилно групирање и поделба на групи за дополнителна и додатна нстава.

Од аспект на стручната служба, напредокот, односно негативното постигањата на учениците редовно се следат  преку одржаните класни и наставнички совети. Присутноста, односно редовноста на учениците континуирано се следи и

евидентира од страна на предметните и класните наставници и стручните соработници. За учениците кои неоправдано отсуствуваат од настава се применуваат, односно изрекуваат соодветни педагошки мерки.

Родителите на учениците кои имаат намален успех во учењето, нередовно ја посетуваат наставата или несоодветно се однесувааат се покануваат на советување од страна на класните раководители, а советувањето го спроведуваат психологот и педагогот на училиштето.

Евиденцијата за напредокот и редовноста на учениците е достапна за сите заинтересирани целни групи.

За истото тие се информираат од извештаите на класните и наставничките совети, а учениците и родителите на класните часови, односно на одржаните родителски средби и приемни денови и состаноците на Ученичката заедница.

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка, како и за неговиот/нејзиниот интелектуален, социјален и емоционален развој(.Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на ученикот/ученичката што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручните соработници и родителите на ученикот/ученичката.Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, класните/предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.

Наставниците и стручните соработници подготвуваат редовни извештаи и анализи на крајот на секој класификационен период, по пол, предмети и етничка припадност.

На учениците кои преминуваат во друго училиште им се издава преведница со печат и потпис од класниот раководител и директорот заведена во Деловникот на училиштето и ученичка книшка, писмена согласност за префрлување во друго училиште и согласност за прифаќање од другото училиште.

## 12 УЧЕНИЧКА ЗАЕДНИЦА

Предмет: Годишен извештај за работата на ученичката заедница од страна на училишниот социолог;

Училичката заедница за учебната 2024-2025година ги леаризираше следните активности предвидени со годишната програма за работа:

-Како одговорен за соработка и работа со ученичката заедница при училиштето за учебната 2024-2025година се остварени повеќе активности и тоа :

- Изработен правилник за функционирањето на ученичката заедница
- Изготвена годишна програма за работата на ученичката заедница
- Одржан конститувен состанок со УЗ

- ❖ Одржан состанок со УЗ и извршен избор на телата на УЗ
- ❖ Одржан состанок со УЗ и одговорните професори за спроведување на ученичките екскурзии за трета и втора година
- ❖ Одржан состанок на 20.02.2025г. и изготвен записник од истиот
- ❖ Одржани неколку состаноци со дел од учениците од ученичката заедница за успешно спроведување на анкета за по транспарентно одлучување на местото на прослава на матура и сликање на учениците за табло
- ❖ Одржани неколку информативни состаноци со ученици претставници на ученичката заедница за успешно реализирање на активностите од проектот ”Безбедна училишна средина”

## 13 МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Меѓуетничка интеграција во образованието

За минатите учебни години беа планирани повеќе активности меѓу одговорните институции СОУ “Кочо Рацин” Свети Николе и ССОУ” Моша Пијаде” – Тетово

- ✍ Создавање на акционен план за заеднички активности;
- ✍ Зимски игри ;
- ✍ Спортски игри и натпревари;
- ✍ Еко Акција ;
- ✍ Учество на хуманитарни акции

Состојбата со пандемијата во изминатите години ги прекина сите активности во рамките на проектот МИМО ( Меѓуетничка Интеграција на Младите во Образованието ) помеѓу СОУ „ Кочо Рацин “ од Свети Николе и партнер училиштето ССОУ „ Моша Пијаде “ од Тетово во соработка со USAID North Macedonia и подржана од нашиот партнер МЦГО ( Македонски центар за граѓанско образование )

## 14 ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА НА ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

***ЕКО - СТАНДАРДИ 2024/2025***

***ЕКО –СТАНДАРД 1***

| | |
|---|---|
| **Изјава** | ЗАШТЕДА НА ЕНЕРГИЈА |

| | |
|---|---|
| **Полиса** | Рационално користење на електрична и топлинска енергија |
| **Цели** | Намалување на потрошувачката на електрична енергија за 10% во период од 01.септември – 10 јуни во споредба со претходната година |
| **Точки на акција** | 1.Замена на сите светилки со енергетско штедливи светилки.<br>2. Санирање или замена на прозорците и вратите.<br>3. Редовно чистење на прозорците, заради максимално искористување на сончевата енергија. |
| **Индикатори** | 1. Број на енергетско штедливи светилки во зградата.<br>2.Број на санирани или заменети со нови, врати и прозорци.<br>3.Чисти прозорци. |

**ЕКО –СТАНДАРД 2**

| | |
|---|---|
| **Изјава** | **ЗАШТЕДА НА ВОДА** |
| **Полиса** | Рационално користење на водата во училиштето |
| **Цели** | Намалување на потрошувачката на вода за 10% во период од 01.септември до 10 јуни во споредба со претходната година |
| **Точки на акција** | 1.Анализа на состојбата на водоводната инсталација (цевки, славини, казанчиња и слично).<br>2.Замена и санирање на сите нефункционални чешми во зградата.<br>3.Замена и санирање на старите тоалетни казанчиња со нови штедливи тоалетни казанчиња.<br>4. Истакнување на упатства за рационално користење на водата. |

| | |
|---|---|
| **Индикатори** | 1. Број на нови и санирани чешми ( сензорски, автоматски со педали и слично).<br>2. Број на истакнати упатства за рационално користење на водата. |

**ЕКО –СТАНДАРД 3**

| | |
|---|---|
| **Изјава** | **ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА И ЗДРАВА СРЕДИНА ВО УЧИЛИШТЕТО** |
| **Полиса** | Здрава и чиста внатрешна средина за учење и работење. |
| **Цели** | Обезбедување на здрави услови за работење и престој во училиштето. |
| **Точки на акција** | 1. Ослободување од непотребните предмети во зградата( скршени клупи, саксии, вазни, табли, стари и исушени цвеќиња и сл.)<br>2. Чистење на ходниците( по секоја смена), канцеларии, училници и фискултурни сали( соблекувални, санитарни јазли, и сл) со различни крпи.<br>3.Чистење на ходници, канцеларии, училници, и фискултурни сали со еколошки или нетоксични средства.<br>4. Разубавување на ходниците, канцелариите и училниците со цвеќиња. |
| **Индикатори** | 1. Извештај за бројот на отстранети непотребни предмети во зградата.<br>2. Број на добро одржани саксиски цвеќиња. |

**ЕКО –СТАНДАРД 4**

| | |
|---|---|
| **Изјава** | **УРЕДЕН И ЕКОЛОШКИ ДВОР** |
| **Полиса** | Уреден и функционален двор кој е во согласност со потребите за заштита на животната средина |

| | |
|---|---|
| **Цели** | Функционално уреден двор според сите еколошки параметри на начин на кој максимално ќе користи за потребите на сите кој престојуваат во училиштето. |
| **Точки на акција** | 1. Одстранување на непотребни и нефункционални предмети и растенија од дворот( исушени цвеќиња, скршени клупи, скршени корпи и сл.).<br>2. Садење на локални дрвја на секои 5м2.<br>3. Садење на листопадни дрвја на соодветна локација кои во лето ќе служат како заштита од сонцето а во зима ќе ја пропуштаат светлината.<br>4. Садење на локални цвеќиња.<br>5.Оградување на дворот со жива ограда и поставување клупи.<br>6. Поставување и означување на корпи за органско ѓубре, за хартија и за пластика.<br>7. Редовно чистење на дворот.<br>8. Одржување на зеленилото (редовно кастрење на зеленилото и косење на тревата). |
| **Индикатори** | 1. Извештај за бројот на отстранети непотребни предмети и растенија во дворот.<br>2. На 5м2 засадени локални дрвја ( во зависност од големината на дворот).<br>3. Број на правилно засадени листопадни дрвја пред прозорците на училниците , засадени на соодветно растојание.<br>4. Број на засадени цвеќиња.<br>5. Чист и уреден двор |

**Поврзување на еколошката програма со редовната настава**

Еко стандардите т.е. стандардите за одржлив развој се водич за нашата образовна институција при создавање на полиса за подигање на еколошката свест на учениците, вработените и пошироко. Овие стандарди содржат јасно поставени цели кои носат и конкретни резултати.
Во учебната 2024/2025 година сите наставници вклучија теми со еколошки содржини како основа за поврзување на праксата со теоријата и приближување на еколошките содржини и еколошките проблеми до учениците. Во рамките на наставните програми и содржини наставниците ги поврзаа еколошките теми-содржина со нивната наставна програма.

## 15 ЕКО АКТИВНОСТИ – активности на Еко одборот

Во нашето училиште се организираа еко акции на чистење на училишните дворови околу гимназиска и зградите од стручниот дел.

На пролет беа извршени неколку еко акции. Меѓу поголемите еко акции би издвоиле:

28 февруари со ученици од трета година стручно (прехранбена струка) во земјоделската зграда.(чистење на смет во училишниот двор на земјоделска зграда)

На 21 Март беа засадени околу 70 садници покрај оградата до игралиштето во земјоделска зграда.(реализатори беа доброволно пријавени ученици од стручно)

На 19 Април извршена е еко акција на чистење на смет во дворот од гимназиска зграда,поткастрување,сечење на суви стебла и др.(реализатори беа трите паралелки од втора година гимназија)

Од страна на наставниот кадар од стручниот и природно математичкиот актив беа направени планови за чистење на училишните дворови, нивно хортикултурно уредување. Заедно со учениците се пристапи кон реализација на еко плановите.

Сепак за целосно реализирање на плановите се потребни финансиски ресурси, но во соработка со локалната самоуправа и други организации во иднина би се пристапило кон конечна реализација на замислените планови од страна на наставниците и учениците за добро уредени училишни дворови.

## 16 ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ

(насилство, болести на зависност,асоцијално однесување, соработка со установи за безбедност и социјална грижа)

Целта на превентивните програми е да им се укаже на учениците за сите појави кои можат да креираат несакани последици во нивниот развој како и да се запознаат со своите права и одговорности. Истите се изведуваат преку работилниците за животни вештини каде со помош на наставниците се согледуваат емоционалните,физичките како и социјалните потреби на учениците.

ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ

| АКТИВНОСТ | ОДГОВОРНИ ЛИЦА/УЧЕНИЦИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|
| Поставување правила | кл.раководител | IX-2024 |
| Психотерапија за нелуди | кл.раководител | X-2024 |
| Ризични групи и ризично однесување | кл.раководител | XI-2024 |
| Фактори на здравје | кл.раководител | XI-2024 |
| Петарди НЕ, безбедност пред СЕ | Проект презентација | XII-2024 |
| Видео презентација-психотропни суспстанци | кл.раководител | XII-2024 |
| Контролори на емоции | кл.раководител | X / XI -2024 |
| Пријателски емоционални врски | кл.раководител | X-2024 |
| Тело - наука совршена | кл.раководител | X-2024 |
| Одговорности и привилегии | кл.раководител | IX / X-2024 |
| Булинг | Црвен крст во акција | XI-2024 |
| Хигиена и здрави навики | кл.раководител | IX-2024 |
| Врсничко насилство – Булинг | Црвен крст во акција | XII - 2024 |
| Алкохол и сообраќај | кл.раководител | II-2025 |
| Каква врска имаат алкохолот со љубовта | кл.раководител | II-2025 |
| Работилница за врснички едукатори " Безбедноста е нашето мото " | кл.раководител | II-2025 |
| Црвен крст во акција: Промоција на хумани вредности Препознавање на различности во 2 области: Акција во заедницата и Интеркултурна акција | Црвен крст во акција | II-2025 |
| Препознавање на различности во 2 области: Акција во заедницата и Интеркултурна акција | Црвен крст во акција | II-2025 |
| Биди херој, немој да навредуваш | Црвен крст во акција | II-2025 |
| Брза храна и адитиви | кл.раководител | II-2025 |
| Сообраќајот и алкохолот | кл.раководител | II-2025 |
| Сексуално вознемирување | кл.раководител | XII-2024 |

| | | |
|---|---|---|
| “ Заштита од врсничко насилство | кл.раководител | I-2025 |
| Човекови права за сите | кл.раководител | III-2025 |
| Статуи и извори на конфликти | кл.раководител | II -2025 |
| Прашалник за конфликти | кл.раководител | XI-2024 |
| Прашања за хетеросексуалци | претставници на УЈП | IX-2024 |
| Полово преносливи болести | кл.раководител | XI-2024 |
| Хранливи и нездрави тврдења | кл.раководител | I-2025 |
| Нездрава линија | кл.раководител | XII-2024/I-2025 |
| Здрава исхрана | кл.раководител | XII-2024 |
| Одржување лична хигиена | кл.раководител | I-2025 |
| Како да се ,,прочисти“ организмот | кл.раководител | II-2025 |
| Симптоми на дрогата | кл.раководител | II-2025 |
| Лична хигиена и заштита од болести | кл.раководител | IX -2024 |
| Бременост | кл.раководител | XI -2024 |
| Односот на средината кон наркоманот | кл.раководител | II-2025 |
| Извори на конфликти | кл.раководител | IV-2025 |
| Конфликти | кл.раководител | XII-2024 |
| Човекови права за сите | кл.раководител | II-2025 |
| Насилник-жртва-набљудувач | кл.раководител | IV-2025 |
| Булинг | кл.раководител | VI-2025 |
| Прашања за хетеросексуалци | кл.раководител | IX-2024 |
| Електронска заштита | кл.раководител | IV -2025 |
| ПАС по ПАС | кл.раководител | XII-2024 |

Во текот на целата учебна година беа преземени повеќе превентивни мерки:

- задолжителна употреба на хигиенски средства за миење раце и дезинфекциони средства во училиштето кои беа обезбедени од училиштето.
- почесто дезинфицирање на училниците и училишниот инвентар.
- препораки за превентивно однесување

Превентивна програма против болестите на зависност

Целта на оваа програма е намалување на злоупотребата на наркотични средства и едуцирање на учениците преку содржини од сите наставни предмети за штетноста од злоупотребата на овие средства.

Учениците беа вклучени во разни активности и проекти се со цел да изградат и преферираат здрави животни стилови.
Училиштето редовно соработува со Центарот за социјални работи, МВР-оддел за малолетничка деликвенција и невладини организации за да им се помогне на оние ученици кои покажуваат асоцијално однесување. Овие ученици беа вклучени во разни проекти и активности .

Безбедност во училиштето

Сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес треба во училиштето да се чувствуваат безбедно и сигурно за да можат успешно да ја извршуваат својата работа. Со цел родителите , нивните деца да ги чувствуваат за безбедни, а со тоа и училиштето да го доживуваат како безбедна средина и тие да се чувствуваат пријатно во него , во училиштето постои видео надзор ( кој не беше во функција ) и дежурни наставници. Беа организирани и “Предматурски средби со учениците по повод матурските прослави“, со цел да на учениците им се укаже како треба да се однесуваат пред и на матурската прослава и после матурската прослава, во јавниот сообраќај, како и при движењето по улиците.

Позитивна социо-емоционална клима

Класните раководители и педагошко-психолошката служба, превземајќи активности за одржување и унапредување на позитивна социо-емоционална клима, а во склад со Законот за средно образование и задолжителната опфатеност на учениците од сите категории и етнички заедници, правеа напори преку консултации, разговори и различен вид на поддршка, да овозможат овие ученици полесно да се адаптираат во средината и да ги надминат проблемите кои може да се јават како посебна потреба кај учениците. Истовремено се реализираше и потесна соработка со родителите, со содржини прилагодени на нивните потреби, а поврзани со возраста и емоционалниот статус на учениците. Стручната служба на училиштето, организираше интерактивни работилници со учениците.
-За подобра позитивна социо-економска клима, училиштето обезбедува атмосфера на почитување на личноста, негување на слободата на изразување, почитување на основните човекови права, меѓусебна доверба, еднаквост и правичност и исклучување на предрасудите во однесување, кон учениците, родителите,и наставниците.
За таа цел беа организирани работилници , советодавни разговори и едукација спроведени од педагошко-психолошката служба на училиштето со индивидуални или групни средби со ученици со цел зачувување и унапредување на социоемоционалниот развој на учениците.

Грижа за здравјето

Хигиената во училиштето

Посебен акцент се обрна на одржувањето на хигиената во училиштето. Училишните простории и училишниот двор редовно се чистат, а се организираа и

работилници со  учениците, се со цел  подигнување на свеста кај учениците за грижа за себе и околината. Техничкиот персонал континуирано се грижи за хигиената во училиштето, особено за тоалетите кои ги користат учениците. Истите секојдневно се дезинфицираат , како и санитариите во нив. Редовно се врши проветрување на училниците.

Систематски прегледи

Сите ученици од прва и четврта година беа опфатени со систематски прегледи во термини кои се договараа со лекар од школскиот диспанзер. Учениците беа придружувани од раководителот на паралелката или лице од стручната служба.

Вакцинирање

Согласно календарот за имунизација и вакцинација од Министерството за здравство се реализираше вакцинација на  учениците од трета т.е. четврта година. Вакцинацијата  се спроведе во школскиот диспанзер, а учениците беа придружувани од раководителот на паралелката.

Едукација за здрава исхрана

Во рамките на класните часови и при реализација на наставни содржини учениците се запознаваа  со начините за здрава исхрана бидејќи тие допрва треба да израснат во здрави луѓе и да се стекнат со добар имунитет, а за сето тоа е потребна здрава исхрана, но и подобар стандард на населението. Низ разни фформи на презентации и едукативни предавања се вршеше едукација за здрава исхрана и унапредување на здрајвето на учениците , како и зачувување на менталното и психичко здравје кај адолесцентите, градење на здрави и прифатливи животни навики и остварување на личните потенцијали

## 17 УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Во воспитно–образовниот процес односите и училишната клима  помеѓу учесниците се на задоволително ниво. Раководниот орган и наставниците уживаат респект кај учениците и родителите  и придонесуваат за афирмација на училиштето.Во училиштето има взаемно почитување и разбирање на сите инволвирани во воспитно – образовниот процес. .

**Постигнување на учениците**

Постигнувањата на учениците и наставниот кадар во текот на наставната година се реализираат во повеќе области на натпревари на ниво на општина, регион и државно ниво. Учениците и наставниците редовно добиваат пофалби, награди и признанија за сработеното. Училиштето ги запознава учениците со освоените награди и пофалби со соопштување на постигнатото пред учениците преку известување по училници, на Наставнички совет, на Патрониот празник на училиштето, преку интервјуа во медиуми, со изработка на паноа со фотографии на наградени ученици и во Извештаите за воспитно – образовната работа на училиштето. Учениците учествуваат на натпревари од локален , регионален и државен или меѓународен карактер. Личните изработки и творби на учениците се истакнуваат во кабинетите каде учат учениците. Однесувањата и постигањата на вработените и учениците во наставните и воннаставните подрачја придонесуваат за афирмација на училиштето.

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, а учениците и вработените во училиштето го почитуваат Кодексот на однесување кој е поставен во сите училници и постојано е на увид на учениците, родителите и останатите посетители. Во случај на кршење на правилата од Кодексите, се постапува согласно Правилникот за изрекување на педагошки мерки и Законот за средно образование.

Однесувањата и постигањата на вработените и учениците во наставните и воннаставните подрачја придонесуваат за афирмација на училиштето.

Поведението и дисциплината кај учениците за учебна 2024/25 е следна.

.Во гимназиското образование има изречено 13 усни и 11 писмени педагошки мерки и 1 една пред отстранување, а во стручното има изречено 43 усни опомени,35 писмени опомени , 13 опомени пред отстранување и 2 отстранување.

Редовните родителски средби, за информирање и соопштување на успехот и поведението на учениците беа одржани од класните раководители на 12.09.2024год., 14.11.2024 год и 8.04.2025 год. Во училиштето во соработка со стручната служба и наставниците се преземаат сите неопходни мерки за непречено одвивање на наставата, редовно се следат учениците и наставниците, се даваат насоки во реализирањето на наставните часови, а со тоа и подобрување на успехот.

Од извештаите на непосредните извршители и од увидите направени од раководниот кадар и стручната служба се констатира дека програмските содржини се реализирани, изготвени се од страна на предметните наставници годишни и тематски планирања . Законски предвидените часови според календарот се целосно реализирани.

**Еднаквост и правичност**

Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, социјалното потекло и способностите на учениците, без разлика на етничка, полова припадност. Учениците со своите права се запознаваат постојано, а во кабинетите каде што ја одржуваат наставата можат да се видат и истакнати трудови на ученици кои се однесуваат на почитување на правата на учениците .

Во училиштето добро се води сметка за заштита од дискриминација во било кој облик. Нема евидентирана и забележана дискриминација кај учениците, наставниците, родителите.

## 18 ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИОТ КАДАР

| Име на обуката/ проектот | Период на реализација | Краток опис |
|---|---|---|
| Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство – примери на добри пракси | 17.12.2024 | Еду Лаб Обука за препознавање на видови насилство<br>Сања Данева<br>Христина Салтирова<br>Зојица Митрева<br>Ангел Андроников<br>Ивана Спасева |
| *Didattica della lingua italiana attraverso l`approccio del Linguistic Landscape: aspetti teorici e applicativi,* организирана од Катедрата за италијански јазик и литература при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, со поддршка на Амбасадата на Италија и l’Università per Stranieri di Siena, | 21.02.2025 и 22.02.2025 | Дидактика на италијанскиот јазик преку пристапот на лингвистичкиот пејсаж, теориски и практични примени<br>Сања Данева |
| *Da tecniche a (glotto)tecnologie: strumenti 'vecchi', 'nuovi' e 'rigenerati' per la didattica dell'italiano come lingua straniera,* организирана од „Здружение на професори по италијански јазик на | 25.02.2025 и 27.02.2025 | Нови техники и инструменти во изучувањето на италијанскиот јазик како странски јазик<br>Сања Данева |

| | | |
|---|---|---|
| Р.С.Македонија" со поддршка на Владата на Република Италија | | |
| *Tecnologia e inovazione per l'insegnamento dell'italiano L2/LS,* организирана од Scuola di italiano Mondavio | 12.03.2025 | Технологија и иновации во изучувањето на италијанскиот јазик како странски јазик<br>Сања Данева |
| "Be green, let's clean", во Њиреѓхаза, Унгарија, | 09 – 15.06.2025 | Учество во Еразмус проект за подигање на еколошката свест<br>Сања Данева |
| Дигитален курс „ Превенција и заштита од насилство" -Еду Лаб портал, проект „Промоција на безбедна училишна средина", | 29.3.2025<br>17.12. 2024<br>11.05. 2025 | Христина Салтирова<br>Билјана Панева<br>Сунчица Здравкова |
| Дигитален курс „ Законски обврски,стратегии и примери на добри пракси за заштита и учество на учениците" -Еду Лаб портал, проект „Промоција на безбедна училишна средина" | 11.12.2024 | Христина Салтирова<br>Зојица Митрева |
| Обука на тема:„Емоционална интелегенција и емпатија", Светски Институт за менаџмент, претседател Марина Стефковска | 16.12.2024 | Христина Салтирова |
| Обука на тема:„Справување со врсничко насилство и кибернасилство",МОН и БРО | ноември 2024 | Христина Салтирова |
| ISEC-ADE FINAL INTERNATIONAL CONFERENCE, „Accessible and Quality Digital Education for Autism and Intellectual Disabilities", programme committee Ivana Vasilevska Petrovska. | 16.11.2024 | Христина Салтирова |

| | | |
|---|---|---|
| Project “HIATUS | 22.11.2024 | Целта на проектот ХИАТУС е да се намали се поширокиот јаз (хиатус) кој постои помеѓу знаењето кое учениците од средните училишта го стекнуваат во училиштето и нивните техничко-професионални компетенции кои се потребни во работната средина.<br>Јасмина Тодосовска<br>Ангел Андроников |
| “VERMICOMPOSTING: The Future of Sustainable Agriculture and Organic Waste Management in Europe” | 22.11.2024 | Обука за вермикомпостот, што е и како се одвива самиот процес.<br>Јасмина Тодосовска<br>Ангел Андроников |
| Стекнати знаења на ЕдуЛаб – дигитален курс „Превенција и заштита од насилство“ | 02.04.2025 | Превенција и заштита од насилство, видови на насилство, како да го препознаеме.<br>Јасмина Тодосовска<br>Елена Сарафиновска |
| Применети знаења на ЕдуЛаб – дигитален курс „Превенција и заштита од насилство“ – | 16.05.2025 | Превенција и заштита од насилство, видови на насилство, како да го препознаеме.<br>Јасмина Тодосовска<br>Елена Сарафиновска |
| SELFIEforTEACHERS | 13.11. 2024 | алатка за самооценување базирана на Европската<br>рамка за дигитална компетенција на едукаторите, како дел од групата "North MacedoniaETF-JRC Spring 2024"<br>Јасмина Тодосовска<br>Зојица Митрева<br>Билјана Панева |
| Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинилизирани групи | 27.08.2024 | ГОПА / МОН / БРО<br>Зојица Митрева |
| EMPOWERING REFUGEES FUTURE | 25.06-04.07.2025 | Еразмус<br>Зојица Митрева |
| Стекнати знаења Примена на ИКТ алатките во секојдневната настава<br>(основно ниво)<br>ЕдуЛаб | 25.03.2025 | Овој напреден дигитален курс ги обучува едукаторите за примена на современи ИКТ алатки и вештачка интелигенција во наставата, со цел создавање интерактивна и мотивирачка средина за учење. Преку пет модули се овозможува развој на практични вештини за креирање иновативни и мултимедијални наставни активности.<br>Ана Трајковска |
| Применети знаења Примена на ИКТ алатките во секојдневната настава<br>(основно ниво)<br>(напредно ниво)<br>ЕдуЛаб | 04.2025<br>25.03.2025 | Овој напреден дигитален курс ги обучува едукаторите за примена на современи ИКТ алатки и вештачка интелигенција во наставата, со цел создавање интерактивна и мотивирачка средина за учење. Преку пет модули се овозможува развој на практични вештини за креирање иновативни и мултимедијални наставни активности.<br>Марија Јорданова<br>Билјана Панева<br>Ана Трајковска |
| Дизајнерско размислување за решавање предизвици во училиштата<br>СМАРТ –АП Лабораторија за | | Елена Сарафиновска |

| | | |
|---|---|---|
| социјални иновации Скопје | | |
| Десиминација и стручна поддршка на вештини и знаења за оценувањето на тестовите од екстерниот дел од Државната матура | Мај 2025 | Елена Сарафиновска<br>Ангела Маркова |
| „Зелени вештини трета година СПУ “ | 5- 6.09. 2024 | ЦСОО<br>Билјана Панева |
| Дигитална технологија во земјоделието | 29. 06- 04.07) 2025 | Презентација на: наставниот план и програма за образовниот профил Земјоделси техничар за дигитална технологија, автоматизација во земјоделието, прецизно земјоделие, погонски единици во земјоделието, електронски калкулатор за трошоците во растителното и сточарското производство, софтверот и платформата за учење во компанијата Џон Дир и користењето на прецизното земјоделско производство, примена и обука за дронови во земјоделството за заштита на растенијата, примена и обука за навигацијата на тракторите и на приклучните машини<br>Билјана Панева<br>Горан Мијалковски |
| Ефикасна комуникација и вештини | 13-15. 08.2025 | Енџој тим билдинг Македонија<br>Билјана Панева |
| Современи концепти во средното образование- Новата улога на наставникот и новите стратегии и учење | | ЦЕС Академија<br>Тодор Димов |
| Врсничко насилство | | Тодор Димов |
| Медиумска писменост Колорадо САД | | Ацо Атанасов |
| Стекнати знаења за користење на ИКТ алатки во наставата СМАРТ УП | | Александра Стојковска |
| Применети знаења за користење на ИКТ алатки во наставата СМАРТ УП | | Александра Стојковска |
| Примена на играта, приказните и бајките во јакнење на личноста на детето | 01.10.2024 | АС Анима –Психовелнес и Советувалиште<br>Ана Трајковска |
| Ликот на давателите на услуги во градинките и училиштата | 06.11.2024 | АС Анима –Психовелнес и Советувалиште<br>Ана Трајковска |
| Начини на превенција и справување со насилството во училиштата | 12.2024 | МОН и БРО<br>Оливера Л:Митева |
| Подобрување на квалитетот на образованието | 11-12.11. 2024 | Благица Петрова |
| Обединети за културна еднаквост | 24.01.2025-31.01.2025 | Erazmus+Youth Exchange<br>Ивана Спасева |
| Архитекти на не-формалното образование | 11.06.2025-16.06.2025 | Erazmus+Training course<br>Ивана Спасева<br>Марија Костадинова |

## 19 ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВАТА

***-во животот и работата на училиштето,процесот на учење, активностите во училиштето, донесувањето на одлуки, градењето училишна политика***

Училиштето не е место за бесплатно чување деца на вработени родители. Училиштето е место каде што се случуваат важни работи во животот на нашите ученици и затоа нашето училиште вложува напори за успешно вклучување на родителите во процесот на созревање, учење да се биде дел од поширокага заедница, учење на соработка, критика, градење став, препознавање на вредности, развој на способности т.е градење на зрели, активни и одговорни личности во едно граѓанско и мултикултурно општество.

Советот на родители во нашето училиште оваа година одржа четири состанока во насока на следење на воспитно образовната работа во училиштето со цел унапредување на воспитно образовниот процес на учениците, избор на член во училишниот одбор на училиштето, како и успешно реализирање на завршната ученичка екскурзија која според најновите законски измени во голема мера е во надлежност на родителскиот совет.

Во делот на соработката со родителите останува реализирањето на родителските средби на кои родителите беа запознаени со наставните планови и програми по години, куќниот ред на училиштето, начинот на задолжување на учебници, осигурувањето на учениците, начинот на избор на проектни активности, избор на родители за совет на родители, постигањата во делот на оценувањето како и редовноста и дисциплината по класови. Во четврта година поголем акцент се стави на информираноста околу правилното и навремено пријавување на учениците за полагање на државната матура, и изработка на училишно табло. Во прва и втора, трета и четврта година одржани се по четири, родителски средби.

Родителите имаат право, но и по закон се обврзани да го следат процесот на образование на своите деца.

Во рамките на програмата “советување на родители” оваа година беа вклучени родители со кои работеше училишниот психолог. Родителите беа повикувани по два основи

-намален успех

-нередовно посетување на настава

.

Во континуитет во текот на целата учебна година педагошката служба врши советување на ученици (по основ на недисциплина, нередовност, намален успех, недолично однесување, изрекување на педагошки мерки) и задолжително во тие разговори ги повикува и родителите.

Мора да признаеме дека и покрај сите напори квалитетот на комуникација со родителите не ни е на завидно ниво. Слабиот одзив на родители во училиштето значи или дека се презафатени, или дека се незаинтересирани, или дека сметаат

дека училиштето е непристапно за соработка. На нас останува да продолжиме да вложуваме напори да ја смениме таквата слика и да продолжиме со постојано повикување на родителите да се вклучат во процесот на образование, вклучување во вонаставни активности, инсистирање да учествуваат во утврдување на целите на училиштето, во развојот и оценувањето на наставните програми, учебници и градење на политиката на училиштето затоа што во крајна истанца тие се најзасегнатата страна во овој процес. Во таа насока училиштето ке треба да ги зголеми своите активности (пример преку изготвување работилници но откако тоа добро ке го осмисли).

## 20 ОПШТЕСТВЕНО-ХУМАНИТАРНА РАБОТА

Покрај примарната улога како воспитно-образовна установа СОУ „Кочо Рацин" со години station наназад негува, промовира и реализира низ на активности поврзани со општествено-хуманитарна работа. Поголем дел од активностите се во координација со Црвен Крст Свети николе, и учениците при СОУ „Кочо Рацин" кои се и доброволни активисти на ЦК.

## 21 КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Со цел да го зголеми својот углед и да ја промовира својата работа во локалната заедница и пошироко, СОУ „Кочо Рацин" Св.Николе по пат на презентации, соопштенија и публикации континуирано го унапредува квалитетот и комуникацијата со локалната заедница, истовремено информирајќи ги и за проблемите со кои се соочува. На тој начин овозможува стекнување доверба, создавање добра волја и поволно мислење како член на заедницата. Спроведени се повеќе заеднички проектни активности, манифестации во рамки на промоцијата на училиштето со Општината, основни и средни училишта од пошироката заедница:„Меѓуетничка интеграција во образованието",„Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем" и многу други

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен. Во јавноста освен постигањата и резултатите од учество на учениците во натпревари на знаења се презентираат и резултатите од сите спроведени проектни активности , како и натпревари од забавно спортски карактер, учество во тв емисии, трибини, ликовни колонии и литературни манифестации.
Училиштето целосно ја остварува потребната комуникација и соработка со институциите кои пружаат психолошки и здраствени услуги, со центрите за социјална помош, советодавни обуки организирани од ОВР Свети Николе, претставници од сообраќајната полиција, со цел задоволување на потребите за

безбедност во поглед на превенција на насилство, безбедност во сообраќајот, едукација и информација за управување со скутери, како до возачка дозвола и тн .
Учениците ги промовираат своите знаења и надвор од училиштето преку учество во натпревари од општински, регионален, републички  и меѓународен карактер, а резултатите и освоените награди се јавни и тренспарентни.
Училиштето остварува соработка со  Меѓународен Славјански Универзитет. Организира активност и учество на матурантите при СОУ„ Кочо Рацин“ на работилници во организациаја на Меѓународниот Славјанскиот универзитет

Во рамките на проекти публикувани од националната агенција за образование, учествуваа професори од средно стручно образование. Класните раководители и предметни наставници преку своите стручни активи разменуваат информации, споделуваат искуства, се информираат за  промените во воспитно-образовниот систем кои произлегуваат од надлежните институции.
Училиштето по пат на соопштенија, огласни табли, флаери, плакати, билтени во електронска форма преку соодветен електронски медиум, навремено ги информира учениците за целокупниот воспитно образовен систем и разновидни  културно-општествени активности и ги анимира за учество во истите.
На почетокот на учебната година родителите на учениците  имаат можност преку непосредна комуникација, или преку електронските и интерент медиуми да се запознаат со основните информации за воспитно-образовната работа на училиштето. По повод приемот на учениците во прва година училиштето подготвува Отворен ден на која се поканети и родителите/старателите.
Ученичката заедница согласно програмата за работа  најмалку еднаш во месецот одржува  состаноци и работилници на различни теми.  Претстедателите на секоја паралелка навремено ги  известуваат  своите соученици за информациите и сознанијата кои ги  стекнале на  состаноците. По пат на анкети и прашалници училиштето ги испитува ставовите на учениците и родителите/старателите во врска со животот и работата на училиштето и ги зема во предвид нивните мислења и сугестии. Анкетирањето е по случаен избор, или со директрна инволвираност на поголем број на родители и старатели.

На редовните состаноци на Советот на родители, присутните се информираат за работата на донесените заклучоци до останатите родители.
На редовните родителски средби се информираат родителите за наставните и воннаставните активности, начинот на реализација, следење и вреднување на учениците заведено во  евидентни листови.
Отворените родителски средби се за унапредување на  комуникацијата на релација родител-наставник-ученик.
На индивидуалните средби наставниците им  даваат јасни и конкретни напатствија на родителите како најдобро да им помогнат на своите деца  во процесот на учење.
Родителите на сите ученици кои имаат три и повеќе слаби оценки, десет и повеќе неоправдани изостаноци над сто оправдани изостаноци како и на учениците кои манифестираат несооодветно однесување согласно законот се покануваат на советување кое што го води психологот на училиштето.
Е-дневникот и СМС пораките им овозможуваат на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини, постигањата, редовноста на учениците, дополнителна и додатна настава и домашни задачи.

На Фејсбук и ВЕБ страната на училиштето редовно се ажурираат податоците за работата и тековните активности кои се одвиваат во училиштето. Таа е достапна за родителите како и за сите заинтересирани лица или институции.
Родителите се влкучени во животот и работата на училиштето преку активно учество во проектните активности што се спроведуваат во училиштето како што се активностите во рамките на проектот ,,Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем,,,Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието,,. Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаат учество преку одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на одредени професии, струки и занимања.
Училиштето поттикнува и неформално дружење помеѓу наставниците, учениците и нивните родители/старатели преку ангажман во организацијата на училишните акции и проекти како на пр, Отворен ден на училиштето
Секако постои желба и добра волја за уште поголема комуникација со јавноста во која ќе бидат влкучени сите инволвирани во целиот воспитно-образовен процес.

## 22 ИЗВЕШТАЈ ЗА СОРАБОТКА СО ВОЛОНТЕР ОД МИРОВЕН КОРПУС

Во текот на учебната 2024/2025 година, СОУ „Кочо Рацин“ од Свети Николе започна значајна и конструктивна соработка со волонтерот од Мировниот корпус на САД, г-дин Ханс Јанг, кој пристигна во нашето училиште во декември 2024 година. Според договорот со Мировниот корпус, неговата ангажираност е планирана за период од две години, што ќе овозможи подолгорочна соработка и посистематско вклучување во наставниот процес.

Во првите неколку месеци, волонтерот ја помина фазата на запознавање со образовниот систем, училиштето, наставниот кадар и учениците. Го набљудуваше наставниот процес со цел да се адаптира на контекстот и потребите на нашето училиште. По оваа фаза, Ханс Јанг започна активно да се вклучува во наставата, како и во подготовка и реализација на воннаставни активности и тематски работилници.

Неговиот главен наставен соработник е професорката по англиски јазик Надица Кузелова Јованова, со која редовно реализира тимска настава, планира активности и ги евалуира резултатите од спроведените содржини. Покрај тоа, привремено соработува и со професорот Ацо Атанасов во дел од тематските содржини и демократски едукативни работилници.

Ханс Јанг даде значаен придонес во збогатување на наставата преку употреба на современи, креативни и интерактивни методи на учење, кои го поттикнуваат интересот кај учениците и ја подобруваат нивната комуникациска компетенција на англиски јазик. Покрај редовната настава, тој организираше и водеше низа тематски работилници и активности, меѓу кои:

- **Movie and Cooking Workshop** – креативна и интеркултурна активност која ги комбинираше филмот и традиционалната кујна од различни земји, со цел развој на културна свест;
- **Career Planning** – работилници посветени на развој на професионални вештини, изработка на CV, симулации на интервјуа и подготвителни активности за идната кариера;

- **Writing Argumentative Texts** – активности за развој на критичко мислење и структурирано изразување преку пишување аргументирани текстови;
- **Music Around the World** – запознавање со различни музички жанрови и културни традиции од целиот свет, со фокус на глобалното културно разбирање.

Особено внимание беше посветено на серија едукативни работилници под наслов **Democracy Workshops**, кои опфатија теми како:

1. Conspiracy theories and its influence in the society
2. Do you know YOUR DEMOCRACY?
3. Creating a Video for a Campaign
4. Debate with a Role Play – Political Ideologies and Society
5. Democracy Through the Lens of Music and Film
6. Fake News and Democracy
7. Importance of presenting your ideas through organizing peaceful protests
8. Instructions and tips for organising a debate
9. Instructions for Creating a Political Campaign
10. Meeting the Political System in the World and Its Influence Over Democracy

Овие работилници имаа за цел да ја развијат медиумската писменост, критичката свест и разбирањето на демократските процеси кај учениците. Истите беа интерактивни, со симулации, дебати и анализи на реални ситуации, што предизвика особено голем интерес кај учениците.

Соработката со Ханс Јанг досега се покажува како исклучително позитивна и продуктивна. Тој не само што придонесува кон унапредување на наставата, туку и претставува мост меѓу културите, поттикнувајќи ги учениците да бидат поотворени, толерантни и самоуверени во интернационални контексти.

## 23 ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ХУМАНИСТИЧКО ПОДРАЧЈЕ

### Претседател на стручен актив – Влатко Цеков

***За активностите***

Подрачјето од областа на општествено-хуманистички науки ги реализираше предвидените активности и тоа во неколку фази. Состаноците на кои се дискутираше за предвидените активности, консеквенто преку интерните состаноци на активите кои се дел од ова подрачје и заклучно преку анализите на завршнниот

состанок предвиден за втората половина на месец Јуни, кога е предвидено и избирање на нов претседател на активот, како и избор на претседатели по активи.

Стручниот актив општествено хуманистичката група на предмети во учебната 2024/2025 година својата работа ја насочи во реализација на следните активности:

- Примена на ИКТ во наставата;
- Подобрување и усовршување на наставно образовниот процес;
- Примена на еко-стандарди во наставата;
- Примена на стандардите и критериумите за оценување дадени од БРО;

| | |
|---|---|
| **Август** | -<br>- Анализирани годишните програми и изработени годишни глобални планови<br>- Анализа на резултатите од државната матура |
| **Септември** | - Направена е интеграција на редовната настава со ЕКО стандардите со цел развој и подигање на еколошката свест кај учениците;<br>- Изработена е корелација на наставните предмети со други наставни предмети<br>- Поделени обврските околу слободните ученички активности и времето на нивното реализирање<br>-Начинот на водењето на педагошката документација<br>- Информирање за стандардите и критериумите за оценување на учениците по предмети |
| **Октомври** | - Користење на  методи и критериуми за оценување<br>- Консултации околу реализација на примена на истражување и ИКТ во наставата<br>-Значење на дополнителната и додатната настава |
| **Ноември** | - Анализа на постигнатите резултати од првото тромесечие од редовната  и дополнителната настава<br>- Донесени предлози и сугестии за подобрување на наставата<br>- Посети и анализа на нагледни часови<br>- Избор на теми за матурски проектни задачи |
| **Декември** | - Дискутирано за техники и методи на работа и разменети искуства и идеи помеѓу наставниците |
| **Јануари** | - Анализа на постигнатите резултати од првото полугодие<br>- Предлози за надминување на слабостите и проблемите<br>- Разговор за проверување и оценување на наставниците (размена на идеи)<br>- Информација за реализација на државна, училишна  матура и завршниот испит |
| **Февруари** | - Предлози и сугестии за подобрување на успехот на учениците;<br>- Иницирање на меѓусебна помош кај учениците. |

| | |
|---|---|
| **Март** | - Искористеност на нагледните средства во наставата<br>- Активности за подготовка на учениците за училишните натпревари;<br>- Мерки за подобрување на успехот кај учениците<br>- Реализација на матурски проектни задачи |
| **Април** | -Анализа на резултатите од третото тромесечие<br>-Активности за подготовка на регионални и републички натпревари<br>-Анализа на резултатите од додатна, дополнителна настава и слободни ученички активности<br>- Анализа на оценувањето на матурски проектни задачи. |
| **Мај** | - Подготовка за организирање на државна матура и завршниот испит<br>- Анализа на примена и придобивки од ИКТ во наставата. |
| **Јуни** | -Изработен извештај за работата на стручниот актив за изминатата учебна година<br>Формиран стручен актив за новата учебна година и избран претседател на истиот<br>-На состанокот одржан на 13.08.2025 год.за претседател на активот за учебната 2025/26 год. е избран Христина Салтирова |

## 24 ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКОТО ПОДРАЧЈЕ

**Претседател на стручен актив – Ристе Панев**

Во текот на оваа 2024/2025 учебна година на состаноците на природно-математичкиот актив присуствуваа и учествуваа 13 членови. На состаноците се реализираа активности предвидени според годишната програма на самиот актив.
Во продолжение се наведени реализирани активности по месеци:

| | |
|---|---|
| **Август** | - Формиран стручен актив за новата учебна година и избран претседател на истиот<br>- Анализирани годишните програми и изработени годишни глобални планови<br>- Анализа на резултатите од државната матура<br>- Одредување на приоритети на стручниот актив<br>- Предлози и мислења. |
| **Септември** | - Направена е интеграција на редовната настава со ЕКО стандардите со цел развој и подигање на еколошката свест кај учениците;<br>- Изработена е корелација на наставните предмети со други наставни предмети |

| | |
|---|---|
| | - Планирања и подготовки за најавената интегрална евалуација;<br>- Поделени обврските околу слободните ученички активности и времето на нивното реализирање<br>-Начинот на водењето на педагошката документација<br>- Информирање за стандардите и критериумите за оценување на учениците по предмети<br>- Предлози и мислења |
| **Октомври** | - Користење на методи и критериуми за оценување<br>- Консултации околу реализација на примена на истражување и ИКТ во наставата<br>- Значење на дополнителната и додатната настава<br>- Отворен ден за средба со родителите |
| **Ноември** | - Анализа на постигнатите резултати од првото тромесечие од редовната и дополнителната настава<br>- Донесени предлози и сугестии за подобрување на наставата<br>- Посети и анализа на нагледни часови<br>- Избор на теми за матурски проектни задачи |
| **Декември** | - Дискутирано за техники и методи на работа и разменети искуства и идеи помеѓу наставниците |
| **Јануари** | - Анализа на постигнатите резултати од првото полугодие<br>- Предлози за надминување на слабостите и недостатоците<br>- Разговор за проверување и оценување на наставниците (размена на идеи)<br>- Информација за реализација на државна, училишна матура и завршниот испит |
| **Февруари** | - Предлози и сугестии за подобрување на успехот на учениците;<br>- Иницирање на меѓусебна помош кај учениците. |
| **Март** | - Искористеност на нагледните средства во наставата<br>- Активности за подготовка на учениците за училишните натпревари;<br>- Мерки за подобрување на успехот кај учениците<br>- Реализација на матурски проектни задачи |
| **Април** | -Анализа на резултатите од третото тромесечие<br>-Активности за подготовка на регионални и републички натпревари<br>-Анализа на резултатите од додатна, дополнителна настава и слободни ученички активности<br>- Анализа на оценувањето на матурски проектни задачи. |
| **Мај** | - Подготовка за организирање на државна матура и завршниот испит<br>- Анализа на примена и придобивки од ИКТ во наставата. |
| **Јуни** | -Анализа на спроведеното екстерно проверување на учениците<br>-Изработен извештај за работата на стручниот актив за изминатата 2024/2025 учебна година<br>- Избор на нов претседател на стручниот актив |

На состанокот одржан на 01.07.2025 година за претседател на активот за учебната 2025/2026 година е избран Тодор Димов

## 25 ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗАКТИВНОСТИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНИОТ АКТИВ

Стручниот актив при земјоделско ветеринарното подрачје на предмети од стручното образование во учебната 2024/2025 година својата работа ја насочи во реализација на следните активности:

- ✓ Подобрување на организацијата на УПР
- ✓ Подобрување на практичната настава и реалзиација на современи стандарди и примена на современи технологии при делување во земјоделско – ветеринарно подрачје;
- ✓ Подобрување и усовршување на наставно-образовниот процес;
- ✓ Подготовка за Државен натпревар на средни стручни училишта;
- ✓ Примена на ИКТ во наставата
- ✓ Примена на еко-стандарди во наставата;
- ✓ Примена на стандардите и критериумите за оценување дадени од БРО ;

| | |
|---|---|
| ***Време на реализација:*** | **август 2024 год.** |
| ***Реализирана активност:*** | 1. Подготовки за почетокот на учебната 2024/2025 година;<br>2. Избор на претседател<br>3. Донесување програма за работа на активот;<br>4. Договор за изработување на програма за дополнителна, додатна и слободни ученички активности;<br>5. Одредување на приоритети на стручниот актив;<br>6. Предлози и мислења. |
| ***Реализатор:*** | Членовите на стручниот актив од земјоделско – ветеринарно подрачје; |
| ***Ресурси:*** | - Записник од одржани состаноци;<br>- Годишна програма за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година. |
| ***Постигнати*** | - Успешна подготвеност за почетокот на новата учебна |

| | |
|---|---|
| ***ефекти:*** | 2024/2025 година;<br>- Изработка на програма за работа на активот во учебната 2024/2025 година;<br>- Изработка на програма за работа на дополнителна, додатна и слободни ученички активности секој предметен наставник по својот предмет.<br>- Реализирање на слободни ученички активности – дополнителен ангажман во активности на Училишната фарма; подобрување на практичната настава; |

| | |
|---|---|
| ***Време на реализација:*** | **Септеври 2024** |
| ***Реализирана активност:*** | 1. Разгледување на наставните содржини кои ќе се реализираат со користење на современа наставна технологија;<br>2. Вклучување на еко-стандарди во наставната програма;<br>3. Изготвување на план за соработка со основните општински училишта со следните целни подрачје :<br>- Разгледување на програмата за работа за учебната 2024/2025 година.<br>- Можни начини на изведување на практична настава<br>- Заеднички активности со основните училишта<br>4. Предлози и мислења. |
| ***Реализатор:*** | Членови на стручниот актив на земјоделско – ветеринарното подрачје; |
| ***Ресурси:*** | - Записник од одржани состаноци;<br>- Еко-стандарди; |
| ***Постигнати ефекти:*** | - Користење на современа наставна технологија (разни методи и приоди во наставата, користење на ИКТ) при реализација на наставните содржини; |

| | |
|---|---|
| ***Време на реализација:*** | **Октомври 2024** |
| ***Реализирана активност:*** | 1. Почеток на учебната година, од далечина – методи и форми на настава прилагодени на дадената ситуација |

| | |
|---|---|
| | 2. Отворен ден за средба со родителите On - line<br>3. Предлог мерки за подобрување на практичната настава и УПР; дискусии и предлози за имплементирање на современи технологии како приоритет при одржување на тековниот светски тренд;<br>4. Унифицирање на модулот за планирања;<br>Тековни проблеми кои произлегуваат од истото;<br>Давање предлози за подобрување на наставничкиот и ученичкиот стандард, како и подобрување на наставниот процес;<br>Унифицирани темплејти за планирања<br>Форми на оценување - евалуација – усни, писмени, унифицирани тестови и писмени работи, предлози и дискусии<br>Давање насоки за дополнителната, додадтната настава и консултации(организирање на пробни тестирања креирање на исти тестови кои би ги спроведувале електронски – пробно интерно тестирање со цел намалување на стрес факторот кај учениците и добивање на што е можно по објективни резултати)<br>5. Формирање на тимови за промовирање на училиштето;<br>6.Информации за тракторскиот натпревар |
| ***Реализатор:*** | Членови на стручниот актив — земјоделско ветереинарно подрачје |
| ***Ресурси:*** | - Прирачник за примена на стандарди за оценување |
| ***Постигнати ефекти:*** | - Примена на стандарди за оценување на учениците според прирачниците од УСАИД<br>- Следење на пазарот на трудот, тенденција на подготвување на идни кадри, способни за работен ангажман; |
| ***Време на реализација:*** | **Ноември 2024** |
| ***Реализирана активност:*** | 1. Патрон празник – одбележување<br>2. Анализирање на успехот во реализирањето на наставата во првиот класификационен период ;<br>- Успехот на учениците;<br>- предлог за подобрување на успехот кај послабите |

| | |
|---|---|
| | ученици, како и предлози за стимулација и мотивација на одличните ученици;<br>1. Активности во завршната година – 4та државна матура, училишна матура и завршен испит; теми за проектни задачи по активи<br>2. Изработка на можни проекти; |
| ***Реализатор:*** | Членови на стручниот актив од земјоделско – ветеринарно подрачје; |
| ***Ресурси:*** | - Програмата за работа на стручниот актив<br>- Записник од одржани состаноци |
| ***Постигнати ефекти:*** | - Изработка на барање за отворање на ресурси во рамките на СОУ „Кочо Рацин” Свети Николе до Министерство за образование на Република Македонија, можност за финансирање преку ИПАРД програмата; |

| | |
|---|---|
| ***Време на реализација:*** | **Јануари 2024** |
| ***Реализирана активност:*** | 1. Анализа на активот за користење на ИКТ во настава<br>2. Деловодник за работа |
| ***Реализатор:*** | Членови на стручниот актив од земјоделско ветеринарното подрачје |
| ***Ресурси:*** | - Записник од одржани состаноци |
| ***Постигнати ефекти:*** | - Активна примена на ИКТ во наставата |

| | |
|---|---|
| ***Време на реализација:*** | **Декември 2024** |
| ***Реализирана активност:*** | 1.Согледувања од реализација на редовната настава<br>2.Анализа на постигнатиот успех од првото тромесечје |
| ***Реализатор:*** | Членови на стручниот актив од земјоделско – ветеринарно подрачје; |
| ***Ресурси:*** | - Годишна програма за работа по предмети |

| | |
|---|---|
| | - Формулари со постигнат успех<br>- Списоци со ученици на постигнат успех по предмети<br>- Записници |
| ***Постигнати ефекти:*** | - Наставата е реализирана според предвидениот план и програма за секој предмет поединечно<br>- Со редовно реализирање на дополнителна настава да им се помогне на учениците да постигнат подобар успех<br>- Примена на ИКТ<br>- Остварување на соработка ниво ученик – наставник, наставник - ученик; Создавање на натпреварувачки дух; |

| | |
|---|---|
| ***Време на реализација:*** | **Февруари 2025** |
| ***Реализирана активност:*** | 1.<br>Задолжувања по активи, рагледувања на предлози, соодвенти нормативи;<br>2. Консултации со учениците од 4та година – проектни задачи, екстерни и интерни испити |
| ***Реализатор:*** | Членови на стручниот актив од земјоделско – ветеринарно подрачје; |
| ***Ресурси:*** | - Програма за работа на стручниот актив<br>- Записник од одржани состаноци |
| ***Постигнати ефекти:*** | - Навремено реализирање на редовната настава во првото полугодие од учебната 2024/2025 година<br>- Одредување на теми за матурски проектни задачи |

| | |
|---|---|
| ***Време на реализација:*** | **Март 2025** |
| ***Реализирана активност:*** | Континуирано следење на постигањата на учениците при учење од далечина. |
| ***Реализатор:*** | Членови на стручниот актив од земјоделско – ветеринарно подрачје; |
| ***Ресурси:*** | - Програма за работа на предметни наставници по предмети, |

| | |
|---|---|
| ***Постигнати ефекти:*** | - Реализирање на наставата според предвидениот план и програма за секој предмет поединечно преку он лајн следење на наставата.<br>- |

| | |
|---|---|
| ***Време на реализација:*** | **Април 2024** |
| ***Реализирана активност:*** | Одбрана на проектни задачи он лајн<br>Совет на паралелките за третото тромесечие он лајн |
| ***Реализатор:*** | Членови на стручниот актив од земјоделско – ветеринарно подрачје; |
| ***Ресурси:*** | - Користење на програмата за работа на стручниот актив |
| ***Постигнати ефекти:*** | |

| | |
|---|---|
| ***Време на реализација:*** | **Мај 2025** |
| ***Реализирана активност:*** | Реализирање на он лајн настава<br>Совет на паралелките за четврта година он лајн |
| ***Реализатор:*** | Членови на стручниот актив од земјоделско – ветеринарно подрачје; |
| ***Ресурси:*** | |

| | |
|---|---|
| ***Време на реализација:*** | **Јуни/Јули/Август 2025** |
| ***Реализирана активност:*** | 1. Реализација на наставен план и програма<br>2. Совет на паралелките за утврдување на успехот и поведението за крај на наставната година<br>3. Анализа на успехот, изостаноци и поведение на учениците на крајот од учебната 2024/2025<br>4. Истакнување на најдобри поединци<br>5. Предлози, мислења и сугестии |

| | |
|---|---|
| | 6. Усвојување на програма од областа на содржини програмирани од училиштето за втора година наменета за стручното образование<br>7.Извештај за работа на стручниот актив<br>6.Програма за работа на активот за учебната 2024/2025 год.<br>7.Избор на претседател на активот за 2024/2025 год. |
| ***Реализатор:*** | Членови на стручниот актив – група предмети од земјоделско – ветеринарно подрачје; |
| ***Ресурси:*** | - Програма за работа на стручниот актив<br>- Записник од одржани состаноци активности<br>- Формулари на ученици со постигнат успех по предмети |
| ***Постигнати ефекти:*** | - Наставниот план и програма е реализиран според предвидениот план во годишните планирања<br>- Анализиран успехот, и поведение на учениците |

## 26 ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА АКТИВОТ ОД МАШИНСКАТА СТРУКА

Септември:

Состанок на активот при што е направена програма за работа, изработени се тематските годишни распределенија по месеци и дневните подготовки во машинската струка

Формиран е стручен актив во машинската струка и за претседател е избран проф. Оливер Петрушев за учебната 2024/2025 година.

Октомври:

Бројот на запишаните ученици во машинската струката за учебната година е 10 (машки).

Учениците од II,III и IV година кои го слушаат предметот Учење преку работа кај работодавач (Сектор Машинство) се респределени во општинските авто сервиси и технички прегледи на моторни возила и за нив е обезбедено здравствено осигурување

Ноември:

Оценување на учениците со примена на тестови по соодветните предмети

Учениците со послаб успех имаа за задача да изработат семинарски задачи по соодветните предмети за полесно нивно оценување

Дадени се насоки од предметните наставници за подобрување на работа со учениците со послаб успех.

Декември:

Извршена е распределба на проектните задачи за завршен испит и државна матура на учениците од IV година

Јануари:

Анализиран е постигнатиот успех во првото полугодие во машинската струка и дадени се препораки за негово подобрување.

Февруари:

Контрола на изработените проектни задачи, како и нивно надополнување

Користење на ИКТ во наставата по стручните предмети

Март:

Оценување на учениците со примена на тестови по соодветните предмети

Април:

Презентација и оценување на проектната задача како дел од државната матура и завршниот испит

Мај:

Матурантите учествуваа на предавање за безбедно учество во сообраќајот, на кое имаа можност да полагаат пробни тестови и пробни полигонски вежби

Учениците од I,II и III година исто така учествуваваа на настанот „Биди внимателен-биди одговорен!” Заедно градиме побезбедна сообраќајна култура!

Подготовки за организирање на државна матура и завршниот испит

Формиран е тим од професори за презентирање на училиштето во повеќе основни училишта за учебната 2024/2025 година

Разгледани се постигнатите резултати на учениците од IV година од машинската струка

Јуни:

Анализиран е успехот на учениците од I, II и III година во машинската струка

Организирани и спроведени се поправните, вонредните и дополнителните испити

Организирани и спроведени се државната матура и завршниот испит во машинската струка

Изработен е извештај за работата на стручниот актив во изминатата учебна година

Уписи на ученици во прв, втор и трет уписен рок за учебната 2025/2026 година

Неколку ученици од машинската струка учествуваа во проект во Грција, каде се стекнаа со нови вештини и знаења, како и практични искуства во обавување на работните операции на своето работно место.

Во сервисот за моторни возила, машинските техничари за моторни возила ребнотеа на промена на каиши, замена на делови, стартување на дефектни возила, замена на работни делови на тешки машини, набљудување на ремонт на возови и делови и други работи.

Август:
Разгледување на остварената програма и остварените уписи на учениците за учебната 2024/2025.
Изработка на програма за работа на активот за учебната 2025/2026 год.

## 27 ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА УЧИЛИШЕН СОЦИОЛОГ

Училишниот социолог за учебната 2024-2025година ги реализираше следните активности предвидени со годишната програма за работа:

-Изготвена годишна програма за работата на учелишниот Социолог за учебната 2024-2025

-Во соработка со класните раководители заради точно издвојување на карактеристични случаеви на ученици во биофизичкиот, психички и социјален развој е направена анализа и е констатирана состојбата (во корелација со психолог , педагог)
-Како одговорен за соработка и работа со ученичката заедница при училиштето за учебната 2024-2025година се остварени повеќе активности и тоа :

- Изработен правилник за функционирањето на ученичката заедница
- Изготвена годишна програма за работата на ученичката заедница

- ❖ Одржан конститувен состанок со УЗ
- ❖ Одржан состанок со УЗ и извршен избор на телата на УЗ
- ❖ Одржан состанок со УЗ и одговорните професори за спроведување на ученичките екскурзии за трета и втора година
- ❖ Одржан состанок на 20.02.2025г. и изготвен записник од истиот
- ❖ Одржани неколку состаноци со дел од учениците од ученичката заедница за успешно спроведување на анкета за по транспарентно одлучување на местото на прослава на матура и сликање на учениците за табло
- ❖ Одржани неколку информативни состаноци со ученици претставници на ученичката заедница за успешно реализирање на активностите од проектот ”Безбедна училишна средина”

- Дистрибуција и презентација на куќниот ред на училиштето пред учениците на почетокот на учебната година

- Одредена националната, полова и социјална структура на учениците (во соработка со психолог , педагог)

- Изготвувени материјали за класните раководители за начинот на изрекување на педагошките мерки на почетокот на учебната година

- Резлизирана работилница за менталното здравје на учениците ” Развивање на свесноста за сопствените емоции ” заедно со колешката психолог Емина Петкова во класевите $II^{6}$ $III^{6}$ $III^{7}$ $IV^{5}$ месец Септември

- Реализирана работилница за менталното здравје на учениците ” Разрешување проблеми
” заедно со колешката психолог Емина Петкова во класевите $I^{4,5,6}$ месец Октомври

-Реализирана едукативна работилница и презентирање на едукативен краткометражен филм за врсничко насилство со учениците од прва година во стручното образование.

- Реализирани неколку работни состаноци со претставници од Центар за социјални работи Свети Николе.

-Изготвена и реализирана онлаин анкета за : учениците , наставниците и родителите за - Наставни планови и програма ,и за истата е изготвен извештај
- За потребите на интегралната инспекција изготвени повеќе извештаи .
- Континуирана посета на класевите заедно со пом. дир. За утврдување на отсуствата на учениците во сите класеви при што во континуитет е разговарано за сите настанати ситуации и проблеми кои ги имаат учениците.
- Реализирана едукативна работилница за борба против врсничко насилство со учениците во стручното образование со инспекторот за превенција при ПС Свети Николе Даниела Давчева и претставник од ОЖ Свети Николе Даниела Панева.
-Реализирана работилница за менталното здравје на учениците ” Справување со лутина ” заедно со колешката психолог Емина Петкова во класевите $IV^{1,2,3}$ месец Ноември
-Во месец Декември е извршена посета на часови и тоа 36 часа кај исто толку наставници
-Изготвени онлаин анкети за учениците , наставниците и родителите за Наставни планови и програма по забелешка од интегрална инспекција за допуна на прашалникот со додатни прашања и истата се спроведе во второто полугодие
-Изготвена завршна анализа за успехот и поведението на крајот од првото тромесечје
-Изготвени извештаи за контрола на е - дневниците континуирано во текот на наставната година
-Изготвен едукативен материјал за борба со болестите на зависност –Коцкањето болест на зависност
- Изготвувен едукативен материјал на тема "Сексуално преносливи болести" за учениците по повод 1 Декември светски ден во борбата против СИДА
- Изготвено известување за состојбата во класот $1^6$ и истото доставено до класниот раководител и директорката.
- Реализаирана е едукативна работилница со учениците од четврта година во гимназиското и стручното образование при што им е презентиран едукативно играно документарен филм со тематика за ”Трговија со луге.”

- Во соработка со Инспектор за превенција при ПС Свети Николе со учениците од четврта година во гимназиското и стручното образование се реализирани работилница на тематика ”Трговија со луге”

-Изготвен и дистрибуиран едукативен материјал ''Професионална ориентација на матурантите ''-желби и можности за студирање на класните раководители од завршните години кои материјал е презентиран на класен час

-Изготвен анкете прашалник и спроведена анономна анкета на тема ”Интернет и интернет апликации”

- Изготвен и дистрибуиран материјал ''Корупцијата и механизми во борбата со истата, антикорупцијата'' на класните раководители за сите класеви кои материјал е презентиран на класен час

- Во континуитет се разгледуваа евентуалните жалби , поплаки и идеи за подобрување на образовниот процес доставени анонимно од страна на учениците во поставените кутии во училиштето за оваа намена.(заедно со колегите од стручната служба). Посочените жалби , поплаки и идеи од учениците се собираат на неделна основа и истите се разгледуваат и тековно се решаваат

- Изготвена анализа на анкетното истражување ”Интернет и интернет апликации” и доставена до директорката со предлог препораки

- Изготвени материјали за успешно реализирање на класните совети

- Изготвен едукативен материјал за класен час ”Штетното влијание на интернетот и интернет апликациите” тема која се наметна по обработка на анкетно истражување за користењето на интернетот и интернет апликациите од страна на учениците.

- Учество на тродневна ”Обука за унапредување на капацитетите на стручните служби во училиштата”

- Изготвени квартални извештаи за успехот по етничка основа , поведението и редовноста на учениците, квантитативна и квалитативна анализа

- Изготвени квартални, полугодишни и месечни извештаи за реализирани активности

-Извршена контрола на педагошката документација во континуитет месечни извештаи

- Изготвен извештај од контрола на педагошката документација – Начинот на опреавдување на изостаноците на учениците и фрекфенциите за пооделните

начини на оправдување на изостаноците по класеви. Доставен извештај до директорката со препораки

-Реализирана едукативна работилница со учениците од прва година од страна на проф, Кире Јакимовски и м-р Моника Каџурова од Воена академија на тема ”Заштита при користење на интернет и електронски уреди и апликации”.

- Реализирани трибини (предавања) со учениците од прва година во стручното и гимназиското образование на тема:''Проблеми во раните млади бракови и планирање на семејство'' заедно со претставници од Центар за социјални работи Свети Николе

- Десеминација и одржување на работилници со ученици предвидени активности од учество на обука ’’Обука за унапредување на капацитетите на стручните служби во училиштата”

- Изготвен календар за активности за месеците Мај,Јуни и Август

- Со колешките од стручната служба извршена е контрола на главни книги , е - дневник и свидетелства.

- Реализирани две работилници обуки на десет ученици кои се оспособија да бидат обучувачи и дел на реализатори на активноста од проектот ”Безбедна училишна средина”

- Реализирана едукативна работилница од страна на ученици обучувачи кои имаат стекнато компетенции на 40 ученици од училиштето предвидена со проектот ”Безбедна училишна средина”

- Реализирана едукативна работилница на десет родители на ученици кои посетуваат настава во училиштето во склоп на активностите од проектот ”Безбедна училишна средина”

-Посета на часови во првото и второто полугодие од наставната година и за истите е изготвен извештај и е доставен до директорката

-Изготвен годишен извештај за работата на училишниот социолог

-Реализирани се во континуитет тековно разговори со ученици , родители , класни раководители , предметни наставници , раководството на училиштето за конкретни случаеви (нередовност,недисциплина , др.) во текот на учебната година 2024-2025.

| Учебна 2025-2026 | Посета на класеви и разговор со учениците | Основ по кои е извршен разговорот , консултацијата | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Разговори за нередовност | | | | Разговори за недисциплина | | | | Разговори по друг основ | | | | Бк. |
| | | Ученици | Родители | Класни раководители , професори | Колеги од стручната служба ; пом. дирекректор ; Директор | Ученици | Родители | Класни раководители , професори | Колеги од стручната служба ; пом. дирекректор ; Директор | Ученици | Родители | Класни раководители , професори | Колеги од стручната служба ; пом. дирекректор ; Директор | Вкупно по сите основи |
| Септември - Декември | 5 | 20 | 19 | 16 | 7 | 94 | 19 | 25 | 30 | 37 | 8 | 29 | 30 | 334 |

За конкретниот период се забележува драстична разлика по кој основ се водени разговорите и е впечатливо драстично намалениот број на разовори за нередовност тенденција во последните неколку наставни години.

## 28 ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА УЧИЛИШЕН ПСИХОЛОГ

***Учество во планирањето, програмирањето, организирањето и следењето на воспитно-образовната работа во училиштето и ученичкиот дом преку планираните содржини на работата кои беа реализирани во планираниот период:***

-Учество во изработката на Годишната програма за работа на училишната (особено во делот на воспитната работа со учениците, класните заедници, соработката со родителите) — септември

-Изработка на сопствената програма за работа — септември

-Помош во организирањето на ученичките активности и заедници — во тек на целата година

-Учество во следењето на реализацијата на планот и програмата за образование и воспитание во училиштето, постигнатите резултати, успехот, воспитните ефекти, примената на современите методи, оптовареноста и развојот на учениците — во тек на целата година

-Статистичка обработка и анализа на успехот на учениците — јануари, јуни

***Следење на напредувањето на учениците во склад со индивидуалните потенцијални можности и карактеристиките на личноста преку***

***планираните содржини на работа кои беа реализирани во планираниот период:***

-Следење на процесот на прилагодување септември-јуни
и напредување на учениците
Работилница- Менталното здравје одблизу- поглед во себе септември-октомври
Работилница- Ново училиште- предизвиците и одлуките кои ги носиме септември-октомври
Работилница- Различните лица на насилството меѓу врсниците ноември-декември
Работилница- Нулта толеранција на насилството јануари-февруари
Работилница- Со чувствата на ,,ТИ,, март
Работилница- Анксиозност, панични напади, депресија, април
што сега?
Работилница- Мудрост пред настанот мај

-Изработка на инструменти за анализа на во тек на целата година
одделни проблеми и појави од доменот на
работата на училишниот психолог (анкети,
скали на проценка, евидентни листи)

-Следење и давање предлози за унапредување во тек на целата година
на организационите и другите аспекти на училишната
средина во склад со менталното здравје на учениците
и на наставниците

-Следење, откривање на причините и советодавна во тек на целата година
работа при недоволен успех и неприлагодено однесување
(отсуство од наставата, агресивно однесување, деликвентно однесување)

-Следење и советодавна работа со надарени деца во тек на целата година

-Следење и поддршка во прилагодувањето во тек на целата година
на учениците при доаѓањето
во нова средина

-Професионална ориентација на учениците во во тек на целата
завршните години ( информирање за мрежата на факултети)

-Советувалишна работа во тек на целата година
-Советодавна помош и соработка со родителите во тек на целата година
-Групно советување на родители врз основ на во тек на целата година
намален успех, неоправдано изостанување
и несоодветно однесување на учениците
-Промоција поддршка и учество во активностите од проектот
Училиште без насилство во тек на целата година
- Поддршка и учество во активностите од проектот

ЕКО училиште во тек на целата година

Теми од интерес на учениците и колективот во тек на целата година

***Работа на потребите од општо стручно усовршување на наставниците преку планираните содржини на работа кои ги реализирав во планираниот период:***

-Соработка со наставниците во давањето помош на учениците при стручната работа во тек на целата година

-Помош при изработувањето и вреднувањето на неформалните тестови на знаење во тек на целата година

-Помош при процесот на стекнување на знаења на учениците во тек на целата година

-Стручно усовршување, следење на стручна литература, вклученост во семинари и советувања во тек на целата година

–“Унапредување на менталното здравје и добросостојбата на адолесцентите во образовниот систем” април

-Обука за спречување на предвремено напуштање на образованието и охрабрување за комплетирање на задолжителното образование мај

***Следење на водењето на педагошката документација и евиденција преку планираните содржини за работа во планираниот период***

-Водење на хронолошки дневник во тек на целата година
-Дневник за работа со учениците во тек на целата година
-Дневник за работа со наставници во тек на целата година
-Дневник за работа со родители во тек на целата година

## 29 ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА УЧИЛИШЕН ПЕДАГОГ

Извештајот за воспитно-образовната работа произлегува од содржините на активностите предвидени во годишната програма за работа усвоена од страна на органите и телата на училиштето.

Оваа учебна година ја започнавме на 2 септември 2024 год. (понеделник)според календарот за организација и работа на јавни средни училишта во учебната 2024/2025 год.Наставата се одвиваше со физичко присуство со почитување на сите

протоколи со подготвени материјално, технички и кадровски ресурси за непречен почеток на работата на училиштето .

Извештајот за воспитно-образовната работа произлегува од содржините на активностите предвидени во годишната програма за работа усвоена од страна на органите и телата на училиштето.

Програмските документи се врзани со програмата за работа на Бирото за развој и образование, Центарот за стручно образование и обука и Министерството за образование и наука

**Септември**

- ➢ Административна работа
- ✓ Изготвени списоци на ученици за изборни предмети и проектна настава за предвидените класови и струки
- ✓ Изготвен е распоред на наставници за дополнителна и додатна настава

**Октомври**

- ➢ Административна работа.
- ✓ Направен е увид во професионалните портфолија на наставниците (годишни,тематски наставни планови и останата документација поврзана со настава ) и уредно се евидентирани

  - прилог листа на предадени портфолија
- ✓ Стручно-педагошка работа.
- ✓ Советодавна работа со ученици и родители
- ✓ Остварени се средби со ученици кои имаат лични, училишни, семејни проблеми; намалено поведение
- ➢ Остварени се средби со родители на учениците кои беа повикани на разговор со цел за надминување и решавање на проблемите

Советодавна работа со ученици и родители

- ✓ Следење, откривање на причините и советодавна работа при недоволен успех и неприлагодено однесување на учениците(отсуство од наставата, агресивно однесување, деликвентно однесување)

-прилог – Дневник за работа на педагог

**Ноември**

**I. Административна работа**

- ➢ Прегледани едневниците од учебната 2023/2024 год. со цел да се има увид за правилно и навремено пополнување на дневниците на паралелките и увид во изостаноците на учениците.

- Испечатени наставните содржини и изостаноците на учениците од е дневникот од сите класови.

**II. Стручно-педагошка работа**

- Дидактичко-методска помош на наставници-приправници ,насоки за планирање и организирање на наставата, реализација на наставата со современа образовна технологија, оценување на учениците со разновидни форми на усно и писмено проверување
- Посета на планирани часови за следење на методи , форми, нагледноста како и следење на целите и задачите на реализација на годишни планови и програми: октомври-ноември и консултации со наставниците
- Советодавна работа со ученици и родители
- Следење, откривање на причините и советодавна работа при недоволен успех и неприлагодено однесување на учениците (отсуство од наставата, агресивно однесување, деликвентно однесување)

**IV.Аналитичко –истражувачка работа**

- Изработка на прегледи и извештаи за навремено пополнување на наставните содржини и изостаноците на учениците во е дневникот.
- Изработка на прегледи,анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците за првото тримесечие
- ✓ Прилог-Извештај и анализа за успех и поведение на учениците за првото тримесечие од учебната 2023/2024 година.

**Декември**

- **Административна работа**

- Прегледани дневниците од учебната 2023/2024 год со цел да се има увид за правилно и навремено пополнување на дневниците на паралелките и увид во изостаноците на учениците .

- **Стручно-педагошка работа**

- Дидактичко-методска помош на наставници-приправници ,насоки за планирање и организирање на наставата реализација на наставата со современа образовна технологија, оценување на учениците со разновидни форми на усно и писмено проверување.
- Советодавна работа со ученици и родители
- Испитување на причините за нередовното посетување на наставата од страна на учениците

- Откривање на причините и тешкотиите на учениците кои заостануваат во учењето од педагошки аспект
- Соработка со наставниците во изработката на дидактички и друг наставен материјал за реализирање на наставната програма (тестови на знаења, наставни листови, нагледни предавања и сл.)
- Давање насоки ( индивидуални консултации со наставници) за документирање на постигнувањата на учениците

**Јануари**

**IV.Аналитичко –истражувачка работа**

